СВЕЧЕНА ЗАКЛЕТВА | КОМИТЕТИ И РАБОТНИ ТЕЛА ВО НАТО | АРКТИК | ТАКТИЧКО ОКЛОПНО ВОЗИЛО „АЛИГАТОР 6×6“

# ШТИТ

Број 181
Ноември 2024
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## СИНЕРГИЈА, КВАЛИТЕТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

**Заедничка алпинистичка вежба на припадниците на Баталјонот за специјални сили на Армијата и Единицата за брзо распоредување при МВР**

# Свечена заклетва на
# на Воената




Со пригодна свеченост во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје, 28. класа питомци на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ ја дадоа својата свечена заклетва. На свеченоста присуствуваа претседателката и врховен командант на Армијата, Гордана Сиљановска Давкова, министерот за одбрана Владо Мисајловски, началникот на ГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски, заменик-министерката за одбрана Елфет Исмаили, деканот на Воената академија, полковник Митко Богдановски и останати гости од военодипломатскиот кор, од Армијата и Министерството за одбрана, како и голем број роднини и пријатели на питомците. Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, во своето обраќање истакна: „Ви честитам на изборот – вашата работна кариера да ја посветите на Армијата, но првенствено на граѓаните и на државата. И вие и ние, заедно со вас, почнуваме ново поглавје во животот“. Министерот Мисајловски посочи дека питомците новото поглавје во својот живот го започнуваат во институцијата која има најголема доверба меѓу граѓаните и дека нивните први чекори се на Воената академија, која е респектабилна високообразовна институција, од која се излезени многу квалитетни офицери коишто дале и кои сè уште даваат значаен придонес за афирмирање и развој на македонската армија. Мисајловски им посака добредојде на питомците од Црна Гора и од Босна и на сите им порача: Во наредниве четири години заеднички и посветено да ги совладувате тајните на

# 28. класа питомци
# академија



воената професија, да се усовршите, затоа што вие ќе специјализирате во област која е специфична,но и карактеристична според стандардите, стручноста, дисциплината и, што е најважно, според соработката. Заедно ќе се школувате во следните 4 години, ќе се обучувате и ќе придонесувате за развој на нашата соработка – денес како питомци, а утре како офицери на армии кои се грижат за безбедноста на своите сограѓани, ќе бидете пример за успех, пример за подготвеност за беспрекорно совладување на предизвиците кои ни претстојат“, потенцираше министерот Мисајловски. „Вие, питомците, сте иднината, вие питомците сте драгоцениот потенцијал на македонската армија. Ве очекуваат тешки, но и интересни студии на една солидна академија. Во изминатите, речиси три децении, Воената академија „Михаило Апостолски“ израсна во почитувана институција, призната во регионални рамки, но и пошироко. Должни сме и понатаму да работиме на нејзиниот развој и напредок“, порача претседателката и врховен командант на Армијата, Гордана Сиљановска Давкова. Деканот на Воената академија, полковник Митко Богдановски, во своето обраќање истакна: „Вашата заклетва, не само што ве обврзува, туку и ви го трасира патот кон живот исполнет со предизвици, но и со непроценливи можности. Воената професија не е лесна, но е благородна и исполнета со достоинство. Ова е пат којштo треба да го изодите за да станете лидери, не само во Армијата, туку и лидери на НАТО алијансата“.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит





12
Комитети и работни тела
во НАТО (RPPB, HLTF)



14
Дваесет и три години години после
настаните на 11 септември

# содржина

ШТИТ | година XV | број 181 | ноември 2024

ИНФО
**Официјална посета на началникот на ГШ на ВС на Турција.....................** 6

ИНФО
**Свечено одбележан Денот на Командата за операции............** 8

На прва линија
**Дваесет и три години години после настаните на 11 септември** 14

Воена едукација
**Новиот војник – резултат на промените во општеството............** 18

Глобал
**Војувалиште – поле на преживување (3)...............................** 21

Глобал
**Поделба на приватните безбедносни актери...........................** 24

Глобал
**Црноморска сага: Империи, конфликти и обликување на нов светски поредок..................................** 26

Вооружување
**„DM51“ – германска одбранбено-нападна рачна бомба.......................................................** 32

Вооружување
**Тактичко оклопно возило „Алигатор 6×6“.......................................** 36

Вооружување
**Повеќецевен ракетен систем PULS...........................................** 44

Аеродневник
**Планерот „Дрвен ѓавол“...................** 46

Лидери
**Георгиј Жуков – генералот на победата............................................** 52

Уметниците и војната
**Фредерик Хорсман Варли Официјален воен уметник којшто ја критикувал Првата светска војна.....................................** 54



34
Авион „Northrop Grumman E-2 Hawkeye“



38
„Short S25 Sunderland“

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Чествувања и потсетувања*

*Во овој број на „Штит“, како што е редот, пишуваме за најзначајните активностите на Армијата и Министерството за одбрана во текот на изминатиот месец. Кон овој број на „Штит“, во овој мој уводник чувствувам потреба и должност накратко да се осврнам кон значењето на двата големи државни празници во месецот што измина: 11 Октомври – Денот на народното востание во 1941 година и 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба и формирањето на Македонската револуционерна организација во 1893 година, кои се меѓу најзначајните државни празници кои треба достојно и гордо да се празнуваат и чествуваат во нашата современа, независна и демократска држава, затоа што претставуваат датуми поврзани со борбата на нашиот народ за сопствена држава и самостојност.*

*На 11 октомври 1941 година пукнаа првите партизански пушки во градовите Прилеп и Куманово, со што беше означен почетокот на отпорот и вооруженото спротивставување на македонскиот народ против фашистичкиот агресор, против неправдата и окупацијата на татковината. Македонските партизански единици, составени од Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи и од други националности, кои оваа територија ја доживуваа како своја татковина, ја извојуваа најголемата војна во историјата со непрегорна и херојска борба, зголемувајќи го секојдневно бројот на борци и формациски единици во текот на војната. Од битка во битка, од мали чети до големи бригади и дивизии, но и со голем број положени животи на одарот на слободата, македонскиот народ, крајот на војната го дочека како легитимен народ во слободна македонска држава, која беше официјализирана на Првото заседание на АСНОМ.*

*Чествувањето на 23 Октомври, пак, нè потсетува на некои други изминати времиња и на некои други генерации на борци за слобода и на нивната организација. На овој ден, во 1893 година, е формирана Македонската револуционерна организација, која била главната сила во организираниот отпор на македонскиот народ и на стремежот за слобода во тие тешки времиња.*

*Чествувајќи ги овие два големи празници, оддаваме должната почит кон сите жртви и напори кои се дадени во борбата за слобода, самостојност, независност и изградба на сопствена македонска држава. Оддавајќи им почит на генерациите борци за слобода, и од периодот на Втората светска војна и од периодот на револуционерната борба на македонскиот народ, ние сме должни да го продолжиме нивното дело и да дадеме сопствен придонес во изградбата на современа, силна и просперитетна држава. Овие значајни датуми од историјата треба да бидат вечен потсетник дека, денес, треба да дејствуваме организирано и сплотено во изградбата на нашата слободна и демократска држава. Нашата татковина, и во минатото, но и денес, докажала дека заслужува да биде дел од семејството на слободни, развиени, демократски и безбедни држави. А, нашата армија, составена од врвно обучени и современо опремени војници и воени лидери, покажува дека, заветот на изминатите генерации борци за слобода, продолжува да живее преку делата и мисиите на Армијата.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Официјална посета на началникот на ГШ на ВС на Турција

Висока воена делегација на ВС на Р.Турција, предводена од НГШ на ВС на Турција, генералот Метин Ѓурак, во рамките на официјалната посета на Р.С. Македонија, престојуваше во ГШ на Армијата. По пречекот со високи воени почести, генералот Ѓурак оствари средба НГШ на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, на која беше реафирмирана соработката, која континуирано е на високо ниво. Тридецениската меѓуармиска соработка и поддршка особено е изразена во доменот на обуката, военото образование, заедничкото учество во меѓународни операции и мисии, каде голем број наши ротации беа под покровителство на турскиот контингент, вклучително и последната ротација во мисијата на ЕУ/АЛТЕА во БиХ. Генералот Лафчиски рече дека пријателска Турција, како наш стратешки партнер, значајно придонесува за модернизацијата на Армијата и за нејзиното опремување со нови, современи средства, компатибилни со стандардите на земјите членки на НАТО, меѓу кои е и последната донација од дронови, средства за врски, ноќни визири и интендантска опрема за потребите на специјалните единици на Армијата. Генералот Ѓурак се заблагодари за гостопримството и истакна дека Р. Турција останува посветена на високото ниво на воена соработка за продлабочување во доменот на обуката, вежбите и едукација на припадниците на македонската армија во престижните воени образовни институции на турските ВС.
За време на официјалните разговори со делегацијата на ВС на Турција беа презентирани тековните процеси за модернизација и трансформација на Армијата, нашиот придонес и учеството во меѓународните операции и мисии во странство и можноста за користење на капацитетите на АП „Криволак“ за обука и вежбовни активности. Во рамките на посетата, делегацијата на ВС на Р. Турција присуствуваше на показна вежба од страна на припадниците на Баталјонот за специјални сили, на која беа претставени обученоста и подготвеноста на нашата елитна единица. По активностите во Генералштабот, генералот Метин Ѓурак, придружуван од генералот Лафчиски, оствари средба со претседателката и врховен командант на Армијата, Гордана Сиљановска Давкова.



# Началникот на ГШ, бригадниот генерал Сашко Лафчиски, учествуваше на состанокот на Иницијативата за соработка во одбраната

Началникот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во Виена, Австрија, учествуваше на состанокот на началници на генералштабови на земјите членки од Иницијативата за соработка во одбраната – DECI (Defence Cooperation Initiative), иницијатива на која формално се приклучивме минатата година. На состанокот учествуваа и заменик-командантот на Здружената команда на НАТО во Неапол, заменик-командантот на КФОР и командантот на ЕУФОР-АЛТЕА. Преку нивните согледувања и стручни дискусии беа разгледани повеќе актуелни теми кои влијаат на безбедноста во регионот, а се дискутираше и за улогата на операциите на НАТО и на ЕУ за зајакнување на регионалната стабилност, операции во кои Армијата на Република Северна Македонија дава значаен придонес.
На отворањето на 12. состанок на Иницијативата за соработка во одбраната, генералот Лафчиски ја истакна важноста на нашето членство во оваа иницијатива, нагласувајќи дека во денешното сложено безбедносно опкружување, не само што ги зајакнуваме нашите национални одбранбени капацитети, туку придонесуваме и за колективната безбедност на целиот регион. Р.С. Македонија, како нов член на оваа иницијатива, е длабоко посветена на исполнувањето на својата улога во ова партнерство, овозможувајќи колективната безбедност да биде отпорна, приспособена и подготвена за предизвиците што претстојат.
НГШ, со свои излагања учествуваше и на панел-дискусиите посветени на: регионалната стабилност и безбедност, можностите за градење капацитети, обука и соработка, како и за вклученоста на Иницијативата во меѓународните организации. Генералот Лафчиски рече дека нашето учество во овие организации е многу повеќе од одбрана и нашата земја останува сигурен партнер на меѓународната сцена, посветена на колективниот мир и напредок на нашиот регион и во светот. На крајот од состанокот се утврди понатамошната динамика на активностите и состаноците, по што од страна на началниците на генералштабовите беше потпишана заедничка изјава.





# Состанок на Северноатлантскиот совет на НАТО на ниво на министри за одбрана

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, учествуваше на дводневениот состанок на ниво на министри за одбрана на Северноатлантскиот совет на НАТО во Брисел. Ова е прв состанок на НАТО на високо ниво, после Самитот во Вашингтон и воедно, прв состанок што го води новиот генерален секретар на НАТО, Марк Руте. На одделните сесии, главни теми за дискусија беа: одвраќањето и одбраната на Алијансата, поддршката за Украина, и зајакнувањето на соработката со земјите од Индопацификот. Целта на состанокот беше преглед на имплементацијата на одлуките од Самитот во Вашингтон, во насока на зајакнување на капацитетите на Алијансата за одговор на растечките закани и предизвици. На сесијата со глобалните партнери, покрај високиот претставник на ЕУ, за првпат беа поканети и министрите за одбрана на Австралија, Јапонија, Нов Зеланд и Република Кореја, на која се разговараше за тековните предизвици и за глобалната безбедност. Посебна сесија беше посветена на јакнењето на соработката со Украина и на јакнењето на глобалните партнерства. Во присуство на претседателот Владимир Зеленски и министерот за одбрана на Украина, Рустем Умеров, се водеа разговори за новата НАТО Команда за координација на помош и обука за Украина, за финансиската поддршка и за други иницијативи што ќе овозможат долгорочна помош. На вториот ден од состанокот на министри за одбрана на Северноатлантскиот совет во седиштето на Алијансата во Брисел, Кралството Белгија, се разговараше за достигнувањата, за развојот на способностите, за логистиката, за операциите и за капацитетите во врска со концептот за одвраќање и одбрана на НАТО во рамките на Евроатлантската област. Министерот за одбрана Владо Мисајловски, потенцираше дека прагот за буџетот за одбраната треба да биде минимум 2% од БДП, и тоа треба да биде приоритет. Македонската влада е решителна во однос на инвестициите за развој и модернизација на одбранбените капацитети и затоа веќе е предложен буџетот на одбраната за 2025 година, кој ќе обезбеди стабилно финансирање на проектите. „Ние сме посветени на исполнување на националните обврски кои произлегуваат од нашето членство во НАТО. Само со стабилно финансирање ќе успееме да ги развиваме одбранбените способности“, заклучи министерот Мисајловски.



За време на Состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО се одржа и состанок на земјите членки на Глобалната коалиција за борба против ИСИС, во организација на САД, со која претседаваше секретарот за одбрана Лојд Остин, на кој активно учествуваше и министерот Мисајловски. Од страна на министерот Мисајловски беше потенцирано дека справувањето со тероризмот останува од суштинско значење за колективната одбрана, а во тие рамки ,Владата на Р.С. Македонија ќе продолжи да соработува со своите сојузници. На маргините на состаноците, министерот Мисајловски оствари одделни билатерални состаноци со своите колеги од Албанија, од Норвешка и од Словенија, и се заложи за понатамошно зајакнување на билатералната соработка во областа на одбраната. На маргините на состанокот, заедно со колегите од Романија, Италија, Албанија и Бугарија министерот Мисајловски потпиша Анекс на Писмото на намери за хармонизирање на Коридорот 8, по изразената намера на сојузничка Романија да се вклучи во оваа иницијатива, која е од особена важност за олеснување на воената мобилност, со цел одвраќање и одбрана на Источното крило на Алијансата.



# Свечено одбележан Денот на Командата за операции

Припадниците на Командата за операции (КО), со воена свеченост во касарната „Боро Менков“ во Куманово, го одбележаа 17 Октомври – Денот на единицата

Пред присутните на оваа воена свеченост свое обраќање имаа началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски и командантот на КО, бригадниот генерал Бесник Емини. Генералот Лафчиски, честитајќи им го Денот на единицата на припадниците на Командата за операции, во своето обраќање пред присутните рече дека КО претставува столб на Армијата во чија надлежност се наоѓаат речиси сите борбени единици на Армијата. Командата има задача постојано да ги подготвува конвенционалните копнени и воздухопловни сили за одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Републиката и со високо обучени и опремени сили да учествува во операции предводени од НАТО, ООН, ОБСЕ и ЕУ за поддршка на мирот и превенција на конфликти, со цел промовирање и заштита на националните интереси.
„КО е предводник на модернизацијата, опремувањето и исполнувањето на обврските произлезени од членството во НАТО, дефинирани преку целите на способности. КО успешно се справува со исклучително сложена и одговорна задача, а тоа е да ја организира, да ја развие и да ја подготви Лесната пешадиска баталјонска група да биде целосно оперативно подготвена до 2027 г.“, рече генералот Лафчиски, при што додаде дека искуствата од војната во Украина покажуваат дека модерното војување драматично се менува и, без оглед на цената, не смее да се заостанува во поглед на новите технологии. Заедно со нашите сојузници мора да ги надградиме нашите одбранбени капацитети, за да бидеме побрзи, помоќни и попаметни на бојното поле. Меѓу другото, генералот Лафчиски го потенцираше придонесот на КО, која со своите потчинети единици активно се вклучи во справување со пожарите, мигрантската криза, а реализираше и голем број хуманитарни и крводарителски акции.
Во своето обраќање, бригадниот генерал Емини истакна дека командата во континуитет работи на подобрување на способностите и вештините на своите состави во областа на операциите и борбената готовност. Тој потенцираше дека модернизацијата и вложувањето во опремување придонесува за подобрување на интероперативноста и интеграцијата со сојузничките структури, со цел заедничко делување и одговор на секој вид закани. На припадниците на КО им порача да продолжат да ги извршуваат своите обврски и задачи со посветеност, личен интегритет и храброст, придонесувајќи успешно да се гради ликот на современиот воин на нашата армија. На припадниците на КО кои се истакнале со остварените резултати во работењето, им беа доделија повеќе стимулативни мерки, а беа доделени и благодарници за цивилните структури и организации со кои соработува Командата. По повод Денот на КО, за најдобра единица беше прогласен 2.пешадиски баталјон, од составот на 1.пешадиска бригада.
На прославата присуствуваа и заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, директорот на Генералштабот, бригадниот генерал Симеон Трајковски, генерали во Армијата, поранешни команданти на Командата, претставници од: Министерството за одбрана, Генералштабот, Бригадата за Југоисточна Европа, военодипломатскиот кор и претставници од локалните самоуправи и институции со кои соработува оваа команда.
Командата за операции е носител на традициите на одбележувањето на Денот кога е формиран штабот на Кресненското востание, кој воедно е и ден кога е кренато Востанието, како еден од значајните историски настани врз кои се темелат традициите на Армијата.





# Методско-показна вежба со употреба на далечински управувана вооружена станица

На армискиот полигон „Криволак“ се одржа методско-показна вежба со боеви гаѓања. Вежбата беше реализирана од страна на припадниците на Лесната пешадиска борбена група кои, според предвиденото сценарио, изведуваа офанзивни борбени дејства со артилериска и инженериска поддршка, во соработка со единици од Баталјонот за специјални сили и од Воздухопловниот ВИНГ

На вежбата присуствуваа претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, министерот за одбрана, Владо Мисајловски, началникот на ГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски, министерката за финансии, Гордана Димитриеска-Кочоска, амбасадорката на САД, Анџела Агелер, генералите во Армијата, командантите на првопотчинетите команди и единици и градоначалниците на Штип, Неготино и Кавадарци. На вежбата за првпат беше употребен нов систем вграден на лесно оклопно возило – JLTV, далечински управувана вооружена станица, при што се демонстрираа тактички постапки и процедури при изведување на напад со цел да се прикаже борбената моќ и капацитетите за подготвеност на зајакнатата пешадиска чета, дел од ЛПБГ. Премиерот Мицкоски во изјавата за медиумите за вежбата рече: „Денеска можевме да видиме една навистина динамична практична вежба со примена на современо вооружување и модерна опрема. Од она што го видов, можам да заклучам дека капацитетите се навистина на едно високо ниво“. Тој истакна дека поддршката за Армијата, набавувањето на нова опрема и средства ќе продолжи и во годините коишто следат. Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, истакна дека новата вградена опрема првенствено го заштитува персоналот којшто ракува со опремата, а истовремено самиот систем ја поседува потребната огнена моќ и прецизност при сите временски и земјишни услови. „Овие модерни системи ќе бидат инсталирани во повеќе вакви возила и на дел од оклопните транспортери кои треба да пристигнат во текот на наредната година, истакнувајќи дека покрај овие системи, во опремувањето на овие возила, како и на возилата „страјкер“, ќе има и друга модерна опрема која дополнително ќе биде инсталирана, меѓу која и системот „Џавелин“. „Како земја членка на НАТО мораме континуирано да вложуваме во нова современа опрема за да бидеме компатибилни со останатите земји сојузнички и она што е најважно е дека ние, оваа Влада, предводена од премиерот, ќе продолжиме да инвестираме во одбранбените капацитети, во човечките ресурси и во нова модерна опрема која, пред сè, ќе значи подобро подготвена Армија, која придонесува за зајакнување на мирот, стабилноста и безбедноста, и тоа не само во Македонија, туку и во регионот и пошироко“. Началникот на ГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во своето обраќање ја истакна важноста на модернизацијата и опремувањето на Армијата, чие централно место зазема ЛПБГ, како примарна НАТО цел на способност со обврска да биде оценета и борбено подготвена до 2027 г. „Процесот на обучување и изведување на комплексни борбени вежби со употреба на сите борбени функции, е главниот фокус на секојдневната обука за во иднина. Армијата ќе продолжи да ги развива и да ги зголемува борбените функции, со цел да одговори на сè посложените безбедносни предизвици. Клучен фактор во идниот развој на ЛПБГ, а со тоа и на Армијата, е потребата од развивање на функцијата на самоодржливост на единиците. Оваа потреба се јавува поради сè поограничените ресурси и лимитираната сојузничка или партнерска помош во изведувањето на борбените дејства. Затоа ЛПБГ во иднина засилено ќе се фокусира на подобрување на можностите на самоодржливост во сложени борбени ситуации“, додаде генералот Лафчиски. Амбасадорката Агелер ги потенцираше капацитетите на АП „Криволак“, како еден уникатен полигон кој е од големо значење за НАТО. Од страна на сите присутни кои ја следеа вежбата беа упатени честитки до сите припадници на Армијата за успешната реализација на вежбата. За време на посетата на АП „Криволак“ беше презентиран и дел од новопримената опрема, како дел од процесот за модернизација и опремување на Армијата.



# Балканските медицински наменски сили преку својата хуманитарна мисија го обединуваат регионот

Балканските медицински наменски сили (Balkan Medical Task Force) се формирани на 5 октомври 2016 г. со поддршка на САД и Кралството Норвешка. Станува збор за проект во духот на концептот „паметна одбрана"на НАТО. Овој проект ќе создаде мала, мобилна, брза воеsномедицинска организација, која секаде и секогаш ќе биде таму каде што ќе им биде потребна на граѓаните. БМНС се составени од воеsномедицински персонал од шест балкански земји (Словенија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија). Силите се поддржани од САД, Норвешка и ЕУ. Рамковните земји (Framework nations), коишто поседуваат ROLE II-полска болница и на секои 2 години го преземаат мандатот за управување со БМНС се Србија, Р.С.Македонија и Словенија.

### Зошто Балкански медицински наменски сили?

НАТО и поширокaта трансатлантска заедница се соочуваат со заеднички закани како што се болести, пандемии, катастрофи и нестабилност кои не ги почитуваат границите или меѓународните договори и можат брзо да се појават, ставајќи ги во опасност цели региони. Воедно, хибридниот начин на војување, континуираните климатски промени, како и човечкиот фактор, дополнително го усложнуваат дејствувањето и потребата за брз и ефикасен одговор на безбедносните сили. Токму како резултат на тоа, БМНС претставува потребен и корисен проект каде што преку обединување на воениот персонал и на воеsномедицински професионалци може брзо да се одговори на широк спектар регионални предизвици за помош при катастрофи и кризи. Мисијата на БМНС е да обезбедат медицинска поддршка до ниво 2 при кризни операции и брзо да реагираат на широк опсег регионални ситуации за помош при катастрофи. Медицинска поддршка ниво 2 значи обезбедување медицинска нега на терен или во фиксна медицинска установа, обично на ниво на баталјон или бригада, со можност за извршување на низа медицински процедури и третмани, вклучително и помали операции и третман на пациенти со траума. Јадрото на оваа меѓународна единица е маневарска полска болница – ниво 2. Балканските медицински сили се составени од

Во касарната Илинден во Скопје се одржа свеченост по повод одбележувањето на осумгодишнината од отворањето на Командата на Балканските медицински наменски сили – BMTF, со постојано седиште во Скопје, на која присуствуваа заменик-началникот на ГШ на Армијата, генералот Азим Нуредин, државниот секретар во Министерството за одбрана Елизабета Чуповска-Ристова, претставници од Министерството и Генералштабот, амбасадори и одбранбени аташеи од земјите членки на оваа регионална иницијатива

три тела: Управен одбор (Steering board), Постојана организација (BMTF Standing organization) и активиран-deployable БМНС. Управниот одбор е највисокото тело за донесување одлуки и се состои од политички и воени претставници од секоја земја учесник во БМНС. Одлуките на овој одбор се донесуваат едногласно, од сите учесници во истиот. Управниот одбор е тело кое има мандат за активирање т.е. за распоредување на единицата во согласност со потребите и побарувањата однадвор. Постојаната организација на БМНС (BMTF SO) е постојано мирновременско тело кое е одговорно за организирање и планирање на активностите за обука и операции на БМНС. Ова тело има обврска да поднесува извештај до Управниот одбор во врска со сите активности и дејства коишто ги планира и ги реализира. Постојаната организација на БМНС е лоцирана во касарната „Илинден" во Скопје и се состои од неколку елементи: командант на БМНС – Commander (COM BMTF), командант на установа за медицински третман (MTF COM), главна медицинска сестра и началници на секции: S-1 (Секција за персонал); S-3 (Секција за операции);S-4 (Секција за логистика); S-5 (Секција за планирање); S-6 (Секција за комуникациски и информациски системи); S-7 (Секција за обука и вежби). Во случај на распоредување и активација на БМНС, се развиваат следниве елементи: командант на БМНС; Штаб на БМНС (началник на штаб и секции од постојаната организација); ROLE2-дел за медицински третман (МТФ);Единица за евакуација; Единица за логистика; Координативен центар за евакуација на пациенти (PECC). Во согласност со мисијата на Балканските наменски медицински сили – да му помогне на цивилното население во случај на природни и катастрофи предизвикани од човекот, изминатиов период беа реализирани низа активности, обуки и вежби, со цел да се достигнат стандардите на НАТО, ЕУ и ОН, за да се воспостави интероперативност на воеономедицинските служби на земјите од Западен Балкан.

Како едно од главните достигнувања на БМНС е достигнувањето целосна операбилност (Full Operational Capability) на единицата во 2019 г. Во 2022 г., БМНС добија статус на меѓународна организација и истата година ЕУ алоцираше 6 милиони евра грант за подобрување на медицински капацитети. На вежбата на НАТО „Vigorous Warrior 2024 " во Унгарија, којашто е најголемата воеономедицинска вежба во Европа, Балканските медицински наменски сили успешно ја завршија својата втора надворешна медицинска евалуација, обезбедувајќи повторно сертификација за распоредување во идните мисии на НАТО, ЕУ, и ОН. Паралелно на тоа, БМНС имаат учествувано и на многубројни меѓународни вежби, меѓу кои би ги издвоиле „Proof Of Concept 15" во Србија, „SG17" во Романија, „EARDCC18" во Србија, „VW19/ MEDEVAL" во Романија, „EARDCC 21" во С.Македонија, „PRESKOK 22" и „MEDEVAL 23" во Словенија и други вежби. Во тек е планирање и на учество во мултинационалната вежба „Platinum Wolf 2025" во Р. Србија, што за БМНС значи чекор напред во унапредувањето на колективното знаење, продлабочување на интеграцијата помеѓу членовите и зголемување на способностите за соочување со идните предизвици.

Во јуни 2024 година БМНС поминаа низ лидерска транзиција. Полковникот Вељко Милиќ од Р. Србија ја презеде улогата на командант на БМНС, а Србија ја презеде одговорноста да служи како рамковна нација (Framework nation), носител на обуката и на операциите на единицата за следните две години. Република Северна Македонија го презеде претседавањето со Управниот одбор на БМНС,за периодот 2024 – 2026 година. Претседателот на Управниот одбор е г. Крсте Малинковски од редовите на Министерството за одбрана на Р.С. Македонија.

Развојот на БМНС е пример за моќта на регионалната соработка во зајакнувањето на способностите за медицински одговор и поттикнувањето на партнерства меѓу балканските народи. Овој заеднички проект ја нагласува критичната улога на политичката и воената дипломатија при планирањето и реализацијата на мултинационалните здравствени иницијативи, демонстрирајќи како со здружена медицинска експертиза може да се надминат историските поделби, да му се помогне на населението во најкритичните моменти и на тој начин да се придонесе за регионалната стабилност.

Селма Хоџа








# Комитети и работни тела во НАТО (RPPB, HLTF)

Во НАТО е формирана широка мрежа на комитети кои покриваат различни теми, почнувајќи од политички, воени, до технички или оперативни прашања. Дополнително, постојат и други форми на соработка, партнерство и дијалог (бордови, агенции, организации) кои ги поткрепуваат односите помеѓу НАТО и другите земји - партнери на Алијансата. Припадници на постојаните делегации на нациите во седиштето на НАТО во Брисел, Белгија, односно национални експерти од државите сојузнички и партнерите присуствуваат на состаноците на комитетите што се одржуваат со персонал од Меѓународниот штаб и Меѓународниот воен штаб, а учество земаат и претставници на стратешките команди на НАТО.

Во оваа и во наредните неколку статии, продолжуваме со претставување на сите комитети и работни тела во НАТО. Конкретно, во оваа прилика ќе бидат опфатени следните комитети: Бордот за политика и планирање на ресурсите и Работната група за контрола на конвенционалното оружје.

Комитетите на НАТО претставуваат незаменлив дел од процесот на донесување одлуки на Алијансата. Тие обезбедуваат рамка во која земјите членки можат да разменуваат информации за различни теми, да се консултираат едни со други и да донесуваат одлуки со консензус и заеднички договор во интерес на нациите

## Главни тела за одлучување во НАТО

Бордот за политика и планирање на ресурсите (Resource Policy and Planning Board – RPPB) е високо советодавно тело на Северноатлантскиот совет, со цел управување со заеднички финансирани ресурси на НАТО. Има одговорност за целокупното управување со цивилните и воените буџети на Алијансата, како и за безбедносната инвестициска програма (NATO Security Investment Programme – NSIP). Одборот добива стратешки насоки од Северноатлантскиот совет и обезбедува кохерентност и насоки за работата на неговите подредени комитети за ресурси (за буџет и за инвестиции). Го советува Северноатлантскиот совет за импликациите од ресурсите по однос на иницијативи, операции и мисии, како и за извештаите за надворешна ревизија. По реформата на комитетите на НАТО, овој борд бил основан во јули 2010 година како единствен во делот на ресурсите кој известува директно до Северноатлантскиот совет. Тој го наследил Бордот за ресурси, кој бил создаден во 1990-тите за да ја оптимизира распределбата на заеднички финансираните ресурси. Комитетот за буџет и Комитетот за инвестиции, за својата работа известуваат до Бордот за политика и планирање на ресурсите. Комитетот за буџет ги разгледува и препорачува цивилните и воените буџети, додека Комитетот за инвестиции е одговорен за спроведувањето на NSIP, кој го финансира обезбедувањето на способности потребни за поддршка на улогата на двете стратешки команди. Сите сојузници придонесуваат за

финансирање на НАТО, користејќи договорена формула за учество на трошоците што произлегува од бруто-националниот приход на земјите членки. Ова е принципот на заедничко финансирање и покажува поделба на товарот во реалност. НАТО има три главни заеднички финансирани буџети: цивилен буџет (финансирање на штабот на НАТО), воен буџет (финансирање на командната структура на НАТО) и безбедносна инвестициска програма на НАТО – NSIP (финансирање на воена инфраструктура и капацитети). Програмите и иницијативите може да се финансираат и заеднички, што значи дека земјите-учеснички можат да ги идентификуваат приоритетите и аранжманите за финансирање, додека од страна на Алијансата е обезбеден политички надзор. Заедничкото финансирање на НАТО е поткрепено со силни механизми за управување, при што сојузниците колективно одлучуваат што е подобно за заедничко финансирање и колку може да се потроши секоја година. Исто така колективно одлучуваат за бројките за планирање на ресурсите на среден рок, а Северноатлантскиот совет ги надгледува заедничките процеси на финансирање.

Бордот за политика и планирање на ресурсите ги разгледува пакетите и плановите (Capability Packages и Capability Programme Plans) пред нивното одобрување од Северноатлантскиот совет. Нивната имплементација е овозможена со заедничко финансирање, кое може да ги покрие капиталните инвестиции финансирани од НАТО, поврзаните трошоци за операции и одржување, работна сила или други поврзани трошоци. Може да се надополни со средства финансирани од национално и/или мултинационално ниво. Овие елементи, заедно со воените сили и другите суштински барања, му овозможуваат на НАТО да постигне определена воена цел. Бордот за политика и планирање на ресурсите ги одобрува импликациите од ресурсите поврзани со овие способности и нивната подобност за заедничко финансирање. Заедно со Воениот комитет, Бордот за политика и планирање на ресурсите изготвува годишен извештај, кој му овозможува на Северноатлантскиот совет да ја следи соодветноста на распределбата на ресурсите во однос на барањата. Овој борд е поддржан од Канцеларијата за ресурси на НАТО (NATO Office of Resources - NOR). НАТО добива ресурси преку директен и индиректен придонес од страна на неговите членки. Заедничките фондови на НАТО се составени од директни придонеси во колективните буџети и програми, кои се еднакви на 0,3% од вкупните трошоци за одбрана на сојузниците (околу 3,3 милијарди евра за 2023 година). Овие средства




му овозможуваат на НАТО да испорача капацитети и да раководи со целата организација и нејзините воени команди. Националните (или индиректните) придонеси се најголемата компонента на финансирањето на НАТО и се на товар на одделни земји членки. Тие ги вклучуваат силите и способностите што ги поседува секоја земја членка, а кои може да придонесат за НАТО во делот на одвраќање и одбранбени активности преку воени операции. Директните придонеси ги финансираат буџетите, програмите и способностите на НАТО за поддршка на целите, приоритетите и активностите кои служат на интересите на Алијансата како целина. Истите не можат да бидат разумно на товар на ниту една членка, како што се: операции и мисии на Алијансата, воздушна одбрана ширум НАТО или системи за командување и контрола.

Работната група за контрола на конвенционалното оружје (High-Level Task Force on Conventional Arms Control – HLTF) е консултативно и советодавно тело кое ги обединува владините експерти, за да ги канализира советите за прашањата за контрола на конвенционалното оружје до министрите за надворешни работи и за одбрана. Тоа е форум во чии рамки се одредува политиката за контрола на вооружувањето на Алијансата, додека координацијата на напорите на Алијансата во однос на спроведување и верификација на договорите за контрола на вооружувањето е во надлежност на Координативниот комитет за верификација.

Во оваа работна група, сите земји членки испраќаат свои високи претставници од главните градови на состаноците. Групата е создадена во 1986 година и со неа претседава заменик-генерален секретар. Вршител на должноста претседавач е помошник-генерален секретар за политички прашања и безбедносна политика на Меѓународниот штаб на НАТО.

Драган Павловски





# Дваесет и три години години после настаните на 11 септември

На 11 септември 2001 г., терористи, припадници на терористичката организација Ал Каеда, ги одзедоа животите на речиси 3000 луѓе и повредија повеќе од 6000 во најразорниот напад на американско тло во историјата. Денес, во 2024 г., им оддаваме почит за нивните спомени и се солидаризираме со семејствата и пријателите на оние коишто загинаа во Њујорк, Арлингтон, Вирџинија и Шанксвил, Пенсилванија. Им оддаваме почит и на хероите кои ги ризикуваа и ги жртвуваа своите животи за да спасат други животи

Во годините после 11 септември САД останаа решителни во одбрана на татковината, заштитата на својот народ и поддршката на нивните сојузници во оваа клучна мисија – борбата против тероризмот. Дваесет и три години после разорните терористички напади на Ал Каеда од 11 септември 2001 г., заканата со која се соочуваат САД е поразновидна од кога било претходно. Ал Каеда е многу поинаква организација денес во споредба од пред две децении. Некои од нејзините регионални филијали зајакнуваат, особено нејзините ограноци и франшизни групи низ субсахарска Африка, вклучувајќи ги Ал Шабаб во Сомалија и Џамаат Нусрат ал Ислам вал Муслимин во Сахел. Исламската држава Корасан (ИД-К) е една од најопасните терористички групи во светот кои се борат да ги задржат своите упоришта во Авганистан, додека започнуваат неколку надворешни операции од висок профил, вклучително и напади во Иран, Турција и Русија.

Милитантните недржавни актери, вклучувајќи терористи, бунтовници и милиции, постојано бараат нови начини за иновација на нивните тактики, имплементирајќи ги новите технологии и употребувајќи ги беспилотните летала, вештачка интелигенција, 3 Д-печатење и други методи за зголемување на деструктивната моќ на нападите. Денес Ал Каеда е поинаква организација отколку пред повеќе од две децении, со различни оперативни и организациски способности. Но, има некои загрижувачки сличности. Ал Каеда повторно работи со кампови за обука во Авганистан, како што беше истакнато во најновиот извештај на тимот за аналитичка поддршка и мониторинг на санкции на Обединетите нации кој, исто така, забележува дека Ал Каеда сè уште го користи Авганистан како засолниште под контрола на Талибанците“. Без американски војници на теренот, Талибанците служеа како примарна антитерористичка сила против Исламската држава Хорасан (ИД-К), која останува меѓу оперативно најактивните транснационални терористички групи кои дејствуваат денес.





Во текот на глобалната војна против тероризмот, предводена од САД, Ал Каеда е значително ослабена. Терористичката организација има финансиски проблеми, слабо раководство, ограничени способности за командување и контрола и внатрешни борби за превласт. Сепак, САД и нивните сојузници претходно ја потценуваа моќта на Ал Каеда и со оглед на тоа расте загриженоста дека Ал Каеда можеби ќе може да ги регенерира своите мрежи во Авганистан и низ Јужна Азија, со пакистанските џихадистички групи, како што се Техрик-е-Талибан Пакистан или пакистанските Талибанци. Јадрото на Ал Каеда е ослабено, но неколку франшизи на Ал Каеда и регионални ограноци посебно се истакнуваат, особено нејзините филијали во субсахарска Африка, како на пример Ал Шабаб на Рогот на Африка и Џамаат Нусрат ал-Ислам вал-Муслимин во Сахел. Ал Каеда на Арапскиот Полуостров во Јемен, исто така, останува постојана закана и работи на изнаоѓање начини да ја искористи тековната нестабилност во таа земја за да регрутира нови членови и да ги зацврсти своите редови. Сепак, во повеќето региони ширум светот, филијалите на Ал Каеда беа потиснати од нивните ривали – терористичката организација Исламската држава. Исто така, беа осуетени многу планирани напади на ИД-К, вклучително и напад насочен кон концертот на Тејлор Свифт во Виена, Австрија, кој имаше цел да предизвика огромни цивилни жртви. Американската разузнавачка заедница навремено пренесе разузнавачки информации на нивните австриски колеги кои помогнаа да се спречи овој напад. Многу од поединците кои ИД-К ги радикализираше се исклучително млади лица, кои најчесто се радикализирани, гледајќи пропагандни видеа на ИД-К на „Тик ток“, „Телеграм“ и други платформи за социјални медиуми. ИД има регионални филијали во Сахел, Централна Африка, Мозамбик и Сомалија. Исламската држава Сахел и Западна Африка продолжуваат да ги прошируваат своите операции, кои сега се протегаат од западноафриканското приморје до басенот на езерото Чад. Делови од Мали, Нигер и Буркина Фасо се преплавени со џихадисти.
Повеќекратните преврати во субсахарска Африка придонесоа за подем на воените хунти, кои за возврат ги поканија руските платеници од групата „Вагнер“, подоцна позната како Африкански корпус, како механизам за заштита од државен удар. Руските платеници спроведоа противбунтовнички кампањи, каде што дејствуваа убивајќи цивили и извршувајќи огромни прекршувања на човековите права, што само дополнително го зголеми револтот кај локалното население и го принуди да се приклучи кон терористичките групи.
Во Ирак и во Сирија, Исламската држава е во офанзива, со сè поголем број на терористички напади и операции. Во меѓувреме Иран продолжува да работи зад сцената, вршејќи притисок врз ирачките лидери во Багдад да ја прекинат соработката со САД, со договор со кој ќе се повлечат коалициските сили предводени од САД во Ирак, при што дел ќе заминат за една г., а остатокот целосно ќе се повлече до 2026 г..
Покрај салафи-џихадистичките групи како Ал Каеда и Исламската држава, САД се соочуваат и со закани од тероризмот спонзориран од Иран, вклучително и меѓу прокси-групите на Техеран познати како „Оската на отпорот“. Тука спаѓаат либанскиот Хезболах, движењето Хути во Јемен и различни милициски групи низ Ирак и Сирија. Додека повеќето од овие групи претставуваат закана за регионот, Хезболах веројатно има способност во одреден момент да изврши напади на американско тло, а доколку конфликтот помеѓу Вашингтон и Техеран прерасне во сеопфатна војна.
Екстремно десничарските екстремисти, исто така, претставуваат закана за САД, вклучително и неонацистичките и белите врховистички мрежи и групи како што се Базата, Дивизијата Атомвафен, Руското царско движење, Движењето на нордискиот отпор и други. На домашен терен домашниот тероризам останува главна грижа, со поединци

и мали групи екстремисти од целиот идеолошки спектар мотивирани од низа причини. Екстремистите избираат различни аспекти со широк опсег, а понекогаш и контрадикторни идеологии, откако ќе се радикализираат на интернет на форумите на социјалните медиуми или сајтовите за игри.
Деветнаесетти април 1995 г. беше еден од најпоразителните денови во историјата на САД, а секоја годишнина служи како болен потсетник за премногу реалната закана од домашниот тероризам, екстремно десничарските екстремисти и белите супрематисти. На тој кобен ден, Тимоти Меквеј, армиски ветеран кој беше поврзан со екстремно десничарското движење во САД, активираше камион-бомба направена од земјоделско ѓубриво, дизел-гориво и други хемикалии надвор од федералната зграда во Оклахома Сити. Тој уби 168 луѓе, меѓу кои 19 деца. Повеќе од 850 луѓе беа ранети. Нападот останува најсмртоносниот чин на домашен тероризам во американската историја.
Една од причините за нападите во Оклахома се должи на феноменот на акцелерационизам, кој е меѓу најтешките и најопасните идеологии кои моментално циркулираат во глобалното екстремистичко движење на белата надмоќ. Според акцелерационистите, расната војна не само што е неизбежна, туку е пожелна и претставува нешто што нејзините приврзаници се обидуваат да го направат. Тоа, исто така, според нивниот светоглед, е единственото средство за постигнување на белата моќ преку падот на актуелните владејачки системи. Во голем дел, верувањата на акцелерационистите се потпираат на Чарлс Менсон, Адолф Хитлер и истакнатиот американски неонацист Вилијам Пирс. Акцелерационистите се организираат за да ги олеснат овие напади, следејќи ги принципите на „отпор без водачи“ и повикувајќи поединци или мали ќелии да вршат револуционерни акти на насилство без централизирано лидерство.
Со приближувањето на претседателските избори во САД кон крајот на оваа година, бројни експерти изразија загриженост за потенцијалот за екстремистичко насилство околу изборите. Длабоко вкоренетите антивладини чувства, теориите на заговор и негирањето на изборите, кои придонесоа за бунтот на 6 јануари 2021 г., сè уште се присутни, а прашањата како што се миграцијата на јужната граница на САД , помошта за Украина и Израел и економската нестабилност продолжија да бидат политички проблем и предизвикаа поделби помеѓу американската јавност. Бидејќи некои од овие политички тензии и прашања почнаа да ѝ пркосат и на десната/левата политика, ризикот од политичко насилство можеби не мора да биде ограничен на една идеолошка страна. Ризикот од насилство поврзано со изборите на екстремната десница е реален, но не може да се отфрли можноста за левичарско екстремистичко насилство. На речиси два месеци до претседателските избори во САД во ноември 2024 г., загриженоста продолжува да расте за потенцијалот на политичко насилство и домашен тероризам.
Ова особено кога политичарите продолжуваат да прибегнуваат кон насилна реторика и циркулираат теории на заговор и дезинформации поврзани со мигрантите и концепти кои беа вклучени во манифестите на неколку десничарски екстремисти од висок профил кои продолжија да спроведуваат тешки акти на насилство. Насилството на изборите во 2024 г. во САД се чини дека е дел од пошироките трендови во тероризмот. Напаѓачите дејствуваат сами, а социјалните мрежи се чини дека играат значајна улога во нивната радикализација.



Радикализацијата на социјалните мрежи и тероризмот извршен од осамен актер, веројатно се двете најзначајни иновации во историјата на тероризмот, дозволувајќи им на екстремистите ефективно да дејствуваат без откривање од страна на органите на прогонот.
Таков беше предизвикот со двете закани кон Трамп. Дополнително, заканите честопати беа упатени кон таканаречените „меки“ цели, поврзани со кандидатите и нивната партија.
На пример, во Флорида, 60-годишна жена вети дека ќе активира експлозив во Интернационалниот голф клуб „Трамп“, истиот клуб каде што Рајан Весли Рут се обиде да пука во Трамп на 15. 9. 2024 г.. Изборното насилство е постојана карактеристика на американската политика, и иако ескалираше последниве години, земјата покажа извонредна издржливост. Во 2022 г. Ненси Пелоси беше цел на обид за атентат во кој напаѓач сериозно го рани нејзиниот сопруг. Инаугурацијата на Бајден во јануари 2021 г. ја покажа отпорноста на САД за ужасните настани што се случија 14 дена претходно.
Во тој циклус се случи и обид за киднапирање на гувернерката на Мичиген, Гретчен Витмер. Во 2018 г., четири терористички напади се случија за 10 дена пред изборите, сите поврзани со насилната екстремна десница.
Одделот за домашна безбедност на САД неодамна го назначи 6 јануари 2025 г. како Национален специјален безбедносен настан, ставајќи ја Тајната служба како водечка одговорна агенција. Ова назначување овозможува значајни ресурси од федералната влада, како и од државните и локалните партнери, да се користат во сеопфатен безбедносен план. Кога некој настан е назначен за Национален специјален безбедносен настан, американската тајна служба во својот мандат претставуваше водечка агенција за дизајнирање и спроведување на оперативниот безбедносен план.
Дополнително, органите на прогонот спроведуваат обуки за подготовка за можни закани на различни локации. Тие чекори најверојатно ќе ја зајакнат одбранбената антитерористичка позиција против насилството. Сепак, некои од стратешките мерки кои би

можеле да го спречат насилството на подолг рок - контролата на оружјето, нема да се спроведат во периодот за изборите. Терористичката закана е сè освен статична. Насилните недржавни актери постојано бараат нови начини за иновации, прифаќајќи ги новите технологии и работат на искористување на беспилотните летала, вештачка интелигенција, 3-Д печатење и други методи за усовршување на нивните напади.
И со тоа што терористичките групи се натпреваруваат една со друга за превласт, процесот на наддавање може да ја натера една група да се обиде да нападне со хемиско или биолошко оружје, во обид да надвладее над своите ривали. Предизвикот е надополнет со промена на приоритетите во САД. По две децении агресивни антитерористички операции ширум светот, разбирливо е одредено чувство на замор. Покрај тоа, со подемот на Кина, и Русија која ја нападна Украина, како и тековната војна на Израел во Газа, се појавија и други приоритети кои ја потиснаа антитерористичката мисија. Нападите од 11 септември оставија лузна во историјата на САД, со илјадници роднини во жалост и трауматизирани преживеани.
Нападите, исто така, ја променија американската надворешна политика и домашната безбедносна практика и го сменија размислувањето на многу Американци кои претходно не се чувствуваа ранливи на напади од странски екстремисти. САД одговорија со водење на „глобална војна против тероризмот“, која вклучуваше инвазии на Авганистан и на Ирак. Во тие операции загинаа стотици илјади Авганистанци и Ирачани, додека Авганистан стана место на најдолгата војна на САД.
Од 2001, заедниците низ земјата се вклучија во сеќавањето на 11 септември, положувајќи венци, истакнувајќи знамиња и одржувајќи маршеви. Волонтерски проекти, исто така, ја одбележуваат годишнината, именувана од Конгресот како Ден на патриотите и Национален ден на сеќавање. Во последните две децении немало терористички напади со такви размери како тие од 11 септември, но од перспектива на јавноста, заканата никогаш целосно не исчезнала. Одбраната на земјата од идни терористички напади е на врвот на приоритетите на политиките од 2002 г.. Во јануари 2002, само неколку месеци по нападите во 2001, 83% од Американците изјавија дека „одбраната на земјата од идни терористички напади е главен приоритет за претседателот и за Конгресот“. Оттогаш ова се наведува како врвен приоритет на политиката. Меѓутоа, последниве години процентот на Американците кои укажуваат на тероризмот како главен национален проблем нагло се намали, бидејќи прашањата како што се економијата, пандемијата од COVID-19 и расизмот се појавија како поитни проблеми во очите на јавноста. Во 2016 г., околу 53% се изјасниле дека тероризмот е многу голем национален проблем во земјата. Загрижен за можна реакција против муслиманите во САД во деновите после 11 септември, тогашниот претседател, Џорџ В. Буш, одржа говор во Исламскиот центар во Вашингтон, во кој изјави: „Исламот е мир“. За краток период голем дел од Американците се согласија со ова. Во ноември 2001 г., 59% од возрасните во САД имаа поволен став за муслиманските Американци, за разлика од 45% во март 2001 г., со споредливо мнозинство демократи и републиканци кои изразија позитивно мислење.
Поминаа две децении од терористичките напади врз Светскиот трговски центар,од настаните во Пентагон и падот на летот „93“, каде што само храброста на патниците и членовите на екипажот веројатно спречија уште посмртоносен терористички напад. За повеќето кои се доволно стари за паметење, тоа е ден кој е невозможно да се заборави. Нападите од 11 септември го преобликуваа размислувањето на американските граѓани за војната, за мирот и за нивната лична безбедност.

д-р Ненад Танески







# Новиот војник – резултат на промените во општеството

Како одраз на промената на општествените и културни норми, профилот на современиот војникот со текот на годините претрпе значителни промени. Денешниот војник повеќе не е ист како што е претставен во традиционалната рамка, каде во војските доминирале мажи, стоички настроени и со линеарен начин на размислување.

Денешните војници имаат различно потекло, поседуваат различни вештини и покажуваат променливи ставови кон нивните улоги, права и обврски. Оваа еволуција е последица на општествената и културна промена, технолошкиот напредок и потребата за приспособливост во свет кој брзо се менува. Една од најзначајните промени во војските е зголемената застапеност на жените и на луѓе од различно социјално потекло. Препознавајќи ја вредноста на различните перспективи и искуства во подобрувањето на оперативната ефикасност, западните војски прават напори за промовирање на различностите со цел поинклузивна и репрезентативна сила која би требало подобро да го преслика општеството на кое му служи.
Многу војници денес ја балансираат воена кариера со личниот развој. Оваа промена доведе до поголема флексибилност и рамнотежата помеѓу работата и приватниот живот. Речиси сите западни војски имаат програми за поддршка и на личниот и на професионалниот развој на војниците. Менталното здравје станува сè поважен аспект на профилот на современиот војник. Помина времето кога од војниците се очекувало да ги потиснат емоциите и да одржуваат стоички став. Денешните војници се охрабруваат да ставаат приоритет на нивната ментална состојба и да бараат помош кога е потребно. Професионалниот војник за разлика од минатото е човечки ресурс во кој се инвестира да служи подолго време, и тоа не само додека е на служба, туку и во цивилниот живот по завршување на службата.
Квалитетот на образованието во едно општество станува критична компонента на профилот на војникот. Модерните воени организации прифатија дека образованието е од суштинско значење за развој на вештините како критичко размислување, способности за решавање сложени проблеми и приспособливост во средина која постојано се менува. Многу војници продолжуваат со процесот на образование додека служат за да имаат опции за трансфер во приватниот сектор по завршување со воената служба. Подемот на технологијата го трансформира начинот на кој војниците комуницираат, работат и извршуваат задачи. Современиот војник е дигитално способен, користи социјални мрежи, онлајн платформи и друг софтвер што му овозможува

да остане поврзан со колегите, брзо да пристапи до информациите и поефикасно да ги изавршува задачите. Ова технолошко владеење им овозможува на војниците да бидат поуспешни во нивните улоги.Профилот на војникот исто така се обликува со промена на ставовите кон војната. Традиционалното гледиште на војната како бинарна борба помеѓу доброто наспроти злото се повеќе се менува во нијанси на сиво поради комплексноста на модерните конфликти кои вклучуваат недржавни актери, урбано војување и информациски операции. На денешниот војник денес му е наметнато да се справува со етички дилеми кои порано или не постоеле или не биле толку изразени. Војникот е под големо влијание на современите ставовите кон семејниот живот. Денес војниците имаат поголема веројатност да му дадат приоритет на семејното време, да бараат рамнотежа помеѓу професионалниот и приватниот живот и да одлучуваат во кариерата првенствено во однос на тоа што е добро за семејството. Во многу западни војски постојат институционални услуги за поддршка на семејството, флексибилни одлуки при распоредување и програми насочени за промовирање на стабилност и кохезија на семејството за време на подолго отсуство на војникот од дома. Денешниот војник е под големо влијание на социјалните и културните норми. Денешните војници за разлика од минатото се поразновидни, технолошки прилагодливи, емотивно интелигентни и фокусирани на личниот развој. Истовремено додека се одржува оперативната ефективност, се наметна да се дава приоритет на инклузивност, флексибилност и приспособливост. Со прифаќање на овие промени, целта е да се најде рамнотежа како војската да биде прифатлива за војниците, а истовремено да остане ефективна сила во корист на националната безбедност. Поттикнати од напредокот на технологијата и менувањето на оперативните побарувања, со текот на годините и физичките стандарди за војниците претрпеа значителни промени. Прифаќањето на технологијата во модерното војување го трансформира физичкиот напор на војувањето. Физичките норми што им се поставуваат на војниците се менуваат, што доведува до промена на сфаќањето за тоа што значи да се биде физички подготвен војник. Денес од војниците се очекува да оперираат во средини со технолошки напредна опрема, машини и системи кои бараат прецизност и брзина. Ова доведе до зголемен акцент на способности како што се снаодливост и спретност. Со



воведување на напредна заштитна опрема, како панцири, шлемови, штитници и друга опрема, досегашната норма за физичка сила и големина на војникот отстапи место за поголем фокус на агилност и подвижност. Полесна и пофлексибилна опрема им овозможува на војниците да се движат поефикасно и побрзо, намалувајќи ја потребата за гола физичка сила. Развојот на напредни панцири ги промени и физичките стандарди за војниците. Полесниот и поефективен оклоп им овозможува на војниците да се движат полесно. Напредокот во оптика и опрема за ноќно гледање исто така го трансформираа начинот на кој војниците спроведуваат операции ноќе или во средини со слаба видливост. Сега од војниците се бара да поседуваат одлична острина на видот ноќе, периферен вид и способност да се прилагодат на променливите услови на светлина. Кардиоваскуларната издржливост останува и понатаму да биде важна компонента на физичката подготвеност. Бидејќи операциите стануваат поинтензивни и временски продолжени, војникот треба да биде способен да издржи долготрајни ангажирања.

Акцентот на функционалната кондиција се префрли од традиционалните вежби за сила и издржливост на вежби кои симулираат реални сценарија и вистински ситуации во кои војникот може да се најде. Ова вклучува активности како што се полигони со препреки, ползење низ тунели и качување по ѕидови. Западните војски постепено направија отстапка од строгите стандарди за висина и тежина на војникот, согледувајќи дека овие мерки не се секогаш точни показатели за физичката подготвеност или способноста на војникот да ги извршува задачите. Подвижноста стана критична компонента на војувањето, а војниците мора да бидат способни да се движат брзо и ефикасно во различни средини.

Овие промени имаат значителни



импликации врз регрутирање и обука на нови кадри. Особено западните восјки ги прилагодуваат своите процеси на селекција за да ги проценат функционалните физички способности на кандидатите наместо да се потпираат само на досегашните мерила за склекови, стомачни и трчање. Како што технологијата продолжува да се развива, физичките барања поставени на војниците најверојатно ќе продолжат да се прилагодуваат, барајќи од војската да им даде приоритет на програмите за обука кои се фокусираат на практични вештини. Се повеќе се тежнее физичката подготвеност да биде фокусирана на функционалното вежбање. За да се оцени способноста на војниците да се движат брзо и ефикасно, во процесот на обука се применуваат вежби за подвижност и експлозивност. Денешниот војник е скапа инвестиција која треба да трае подолго, така да превенција од повреди преку зајакнување на мускулатиурата и подобрување на флексибилноста останува на листата на непходна физичка подготвеност. Модерното војување не само што ги трансформира тактиките на бојното поле, туку и суштински го промени менталитетот на војниците и општествената перцепција за војната. Војниците денес се движат низ комплексна средина каде што технологијата, етиката и глобалната меѓусебна поврзаност се спојуваат, барајќи од нив постојано да се прилагодуваат и да се соочат со моралните, психолошките и стратешките предизвици на современиот конфликт. Модерното војување длабоко го промени менталитетот на војниците и воопшто перцепцијата за војната, менувајќи ги традиционалните поими за вооружена борба и нејзините последици. Во современото војувалиште, технолошкиот напредок ги револуционизира тактиките, стратегиите, па дури и самата природа на војната. Ова длабоко влијае на тоа како војниците ги перципираат своите улоги, одговорности и поширокото влијание на своите постапки. Другата значајна трансформација е во зголеменото потпирање на технологијата и поврзаноста кај младите луѓ со модерната технологија.. Денес, војниците се научени да работат вмрежено, уште пред да станат војници. Навикнати информациите да им течат моментално, тие немаат проблем со брзото донесување одлуки и со координација. Оваа меѓусебна поврзаност е позитивна бидејќи не само што ја подобрува ефикасноста на бојното поле, туку и го менува психолошкиот момент. Војниците се приспособени на глобалните последици од нивните дејства, сфаќајќи дека тоа што се случува на подалечни локации може да има и далекусежни последици. Карактерот на непријателот во војна, исто така е значително променет. Недржавните актери и хибридното војување им наметнаа на војниците да се приспособат на неконвенционалните закани и комплексни оперативни средини. Оваа промена не бара само тактичка флексибилност, туку и флексибилност во разбирањето на културните контексти и политичките последици на воените операции. Долготрајноста на современите конфликти доведоа и до реевалуација на менталната издржливост на војниците. Психолошкиот ефект на долготрајните операции, изложеноста на траума и моралните дилеми карактеристични за современото војување, поттикнуваат преоцена на системите за поддршка на менталното здравје на воениот персонал. Улогата на медиумите и нивните повратни информации, значително ја зголеми свеста на војниците за нивното дејствување и одговорност. Постојаните информации на платформите на социјалните мрежи ја засилуваат видливоста на воените операции, влијаат на јавното мислење и ја обликуваат перцепцијата на војниците за легитимност на нивната мисијата. Иако овие промени претставуваат можности за раст на моралот на војникот тие, исто така, се потенцијални предизвици и за претпоставените на сите нивоа. За да се обезбеди ефективна интеграција на различен персонал, потребни се посебни програми за обука, иницијативи за развивање на културна свест и приспособување на политиките на војската. Во иднина, најверојатно, ќе биде уште поголем предизвик како да се избалансираат потребите на војниците со оперативните побарувања на војската.

Ѓорѓи Вељовски







# Војувалиште – поле на преживување (3)

## Како да преживеете на бојното поле

**Навигација и движење**

Навигацијата, како предмет, се проучува во тактичката обука низ темите од воената топографија (ориентација, читање на карта итн.). Војниците треба да бидат запознаени со карактеристиките на реонот на изведување борбени дејства и активности преку прием на подготвителна наредба додека се во касарната (базата). Детално запознавање со теренот се врши во патролната база, во очекувачкиот реон на песочна кутија или преку извидување на правци. Командирите користат топографски карти, со или без олеати, на кои со тактички графици и симболи се запишани распоредот, правците на движење и правците на дејство на сопствените и на непријателските сили, инфраструктурата и реоните од интерес и друго. Војниците треба да бидат запознаени со сите потребни информации, во согласност со принципот „потребно е да се знае", а особено треба да се знаат зборните места на блиска и далечна страна, реоните на собирање, зоните на слетувања на хеликоптери и така натаму. Војниците, доколку постои можност, треба со себе да имаат бланко копии од топографски карти од реоните во кои се ангажирани, без да биде нешто запишано и означено на нив, за да се сочува тајноста на информациите во случај тие да бидат заробени. Командирите треба да овозможат сите војници да ги научат напамет потребните информации, во согласност со правилото „не го запишувај она што не можеш да го запомниш". Топографските карти треба да им овозможат на војниците да можат да го користат картографскиот приказ на теренот и неговиот координатен систем, во случај да останат сами и изолирани на бојното поле.

Движење. Војниците се движат маскирани, користат прикриено движење во таканаречена „ниска силуета", со цел да избегнат секаков контакт (визуелен или звучен) со непријателот. Вишокот на опрема се закопува и се маскира, се носи само неопходната опрема, се внимава да не се оставаат траги (скршени стебла, огништа, делови од опрема, отпадоци и друго). Во непријателска територија, војниците, главно се движат според времето и метеоролошките услови, однсно кога најмалку се очекува активност на непријателските војници, а тоа е еден час пред и после изгревање на сонцето и еден час пред заоѓање и после заоѓање на сонцето. Лошите метеоролошки услови, исто така помагаат за прикриено движење на војниците. Патиштата, патеките, мостовите, тунелите и отворените терени се сметаат за опасни зони. Движењето секогаш се изведува низ терен кој обезбедува маскирност, терен покриен со сенка од дневната светлина, а по можност движењето треба да биде од страната од којашто е сонцето, за да се избегне директно осветлување од сончевата светлина. Се избегнува движење по сртови или долини, а по можност секогаш треба се бира движење по изохипса, која се протега на средина од некое возвишение.

Прва помош и самопомош. Војниците се стекнуваат со основните познавања од областа на прва помош и самопомош преку обучување и изучување на предметот Санитетска обука низ редовниот процес на основна обука. Секој војник треба да поседува индивидуален санитетески комплет, да биде обучен да го користи истиот и да е обучен за давање на самопомош и на прва помош како животоспасувач. Во составот на секоја формација која дејствува на терен треба да има еден или повеќе војници кои се обучени за

животоспасувачи, со завршен основен или напреден курс за животоспасувач, опремени со соодветен санитетски комплет. Од посебно значење е секој војник да е обучен да повика медицинска евакуација, користејќи го деветолинискотo медицинско известување (MEDEVAC), да биде обучен за давање на медицинско известување до санитетскиот техничар (MIST), да знае да користи турникет, да биде обучен и да може во секое време да изврши давање на инфузија, да изврши подготовка за транспорт на друг ранет или повреден војник преку изработка на најразлични видови носилки и да има познавање за подготовка на ранет или повреден војник за хеликоптерска евакуација од воздух, користејќи соодветни врзувања со алпинистички јажиња (Грамингерово седло, Маринеров појас).

Засолниште. Засолништето е наменето за заштита на војниците од атмосферските влијанија (дожд, снег, ветер итн.), за заштита од ниските и високите температури и за заштита од непријателско извидување и дејство од непријателското вооружување. Засолништето може да биде изработено во или надвор од борбените позиции. Изработката на засолниште е првиот од четирите приоритети за преживување (засолниште, оган, вода и храна). Треба веднаш да се започне со правење засолниште,во случај да има потреба да се преспие една ноќ или при подолго задржување. Ако војниците немаат соодветно засолниште, тоа ќе претставува најголем фактор на смртност, бидејќи човекот без вода може да се преживее од 4 до 6 дена, без храна преживувањето може да биде од 30 до 40 дена, додека без засолниште има голема веројатност човекот да не ја преживее ноќта или да ја преживее со одреден степен на колапс на организмот. Ниските и високите температури предизвикуваат хипотермија или хипертермија на организмот, кој за да ја одржи потребната телесна температура троши значителна голема количина на калории и вода од организмот, особено во случај на повеќечасовно изложување на ниски температури, проследени со ветар и атмосферски влијанија (утринска роса, магла, дожд и снег), како и други случаи кога униформата на војниците е мокра (препотеност, премин преку водени површини, како потоци и реки и итн.). Од есенцијално значење е војниците, при приемот на подготвителната наредба во делот за специјална опрема, и при издавање на оперативна наредба во делот за метеоролошки услови, детаљно да бидат запознаени со географските и климатските карактеристики на теренот во кој ќе бидат ангажирани. На пример, Р.С.Македонија според нејзината географска положба е поблиску до Екваторот отколку до Северниот пол, низ неа минуваат 41°C и 42°C напоредник од северната географска ширина, при што на нејзината територија преовладува изменето-средоземна клима, умерено-континентална клима и планинска клима. Просечната годишна температура е околу 11,50°C, при што најтопол месец во годината е јули, со просечна температура на воздухот од 22,10°C, а најстуден месец е јануари, со температура од 0,30°C. Температурата на воздухот се намалува со зголемувањето на надморската височина, и тоа на секои 100 м за 0,39 до 10°C, односно до -40°C на гола кожа, за секое зголемување на брзината на ветрот за 10км/ч.. Јужниот дел од државата е со најмалку ледени денови (Дојран, со просечно 32 денови со мраз), додека северозападниот дел е со најголем број на денови со мраз (Лазарополе, со просечно 134 ледени денови). Облачноста е поголема во зимските месеци (од 7 до 8 десетини) отколку во летните месеци (2 до 3 десетини). Релативната влажност во Р.С. Македонија е најголема во зимските месеци, особено во декември, со 84%, а најмала во летните месеци, во јули, со 57%. Просечното количество на врнежи изнесува 680 милиметри. На секои 100 метри надморска височина, количеството на врнежи се зголемува за 56 милиметри. Месец со најголемо количество на врнежи е ноември, додека август е најсушен месец, со најмало количество на врнежи. Дебелината на снежната покривка е најголема во северозападниот дел од државата, во реонот на планините Шар Планина, Бистра и Кораб, каде што може да достигне и дебелина од 2 метра, и се задржува до пролетните месеци мај-јуни.

Од ветрови коишто дуваат на територијата на Р.С. Македонија, најзначајни се Вардарец, сув и студен ветер кој дува по течението на реката





Вардар и Јужен ветер (Развигорец), сув и топол ветер кој дува по Вардарската Долина, спротивно од течението на реката Вардар (спротивно од Вардарецот).
Планинската клима во Р.С. Македонија е застапена на оние планини кои имаат надморска височина поголема од 1000 метри, со изразени врнежи во текот на есенските и зимските месеци. На македонските планини снежната покривка просечно се задржува до крајот на месец мај. Според податоците од метеоролошките станици, просечната средна годишна температура на воздухот се движи од 5°C до 8°C. Најстуден месец е јануари, кога има и негативни просечни вредности за температурата, и тоа од 2°C до -4°C, додека најтопол месец е јули, со просечни годишни темепратури од 13°C до 18°C. На планините во Р.С. Македонија просечното годишно количество на врнежи е над 1000 милиметри.
Ниските температури, според факторот на загрозување, се поделени во 5 категории, и тоа: влажен студ од +4 до -70°C, сув студ од -7 до -200°C, интензивен студ од -20 до -320°C, екстремен студ од -32 до -400°C и опасен студ, под -400 Целзиусови. Ниските температури предизвикуваат хипотермија, која настанува кога телесната температура ќе падне под 350 Ц, како резултат на долготрајна изложеност на надворешна температура на воздухот, پониска од +100°C. Факторите, како што се водена (мокра) униформа, ладен ветер, изгладнетост, замор, ненаспаност, само го убрзуваат процесот на хипотермија, која може да биде смртоносна доколку телесната температура  падне под 300 Целзиусови.
Високите температури може да предизвикаат појава на хипертермија, која се карактеризира со зголемување на телесната температура над горната физиолошка граница над 370Ц. Хипертермијата е резултат на долготрајни физички оптоварувања или изложеност на сонце во средини каде што е зголемена влажноста на воздухот. Униформата, чизмите, зголеменото оптоварување од вооружувањето и опремата, се фактори кои предизвикуваат хипертермија кај војниците.
Зголемувањето на телесната температура над 410Ц предизвикува колапс на кардиоваскуларниот систем, откажување на мускулите и на органите, конвулзија, кома и смрт.
Од горенаведените податоци може да се увиди потребата и значењето на засолништето во одржувањето на борбената готовност на војниците и единиците. Засолништата може да се поделат на индивидуални (за еден војник) или на групни засолништа (за двајца или за повеќе војници). Според начинот на изработка засолништата се делат на засолништа на „брза рака“ (засолништа изработени за престојување од една ноќ до неколку дена) и на планирани и утврдени засолништа (наменети за престојување на подолг временски период, како што се, на пример, земуници, колиби, шатори итн.). Според местото на изработка, засолништата ги делиме на површински (изработени на површината на земјата) и на длабински (изработени под земјата, независно дали се вкопани или се искористени природните вдлабнатини како што се процепи во карпите, пештерите итн.). При изработката на засолништа треба да бидат запазени следниве услови: маскирност  – засолништето треба да е маскирано, да не се забележува од непријателското изведување од копно и од воздух. При изработка на засолниште  треба да се внимава да не дојде до поголемо демаскирачко нарушување на амбиенталното опкружување; заштитни својства – засолништата, по можност, треба да обезбедат заштита од директен или индиректен непријателски оган, независно дали заштитното својство ќе биде овозможено со користење на самиот терен (густо пошумен терен, карпест терен, пукнатини и вдлабнатини во карпи) или заштитните својства на засолништето ќе бидат обезбедени со дополнителни мерки на фортификација (вкопувања, подигање на бедеми до камен, стебла итн.); економската состојба на теренот се однесува на ресурсите со кои е богат одреден терен. На пример: извори на вода за пиење, посотење на голем фонд на дивеч и ловишта, плодна шумска почва од која можат да се користат шумски растенија и габи како извори на храна, постоење на шуми од кои може да се обезбеди огревен и градежен материјал, постоење на изолирани мали руарални населени места кои можат да се користат како логистички станици за снабдување итн.
**Географски** карактеристики на теренот – теренот треба да биде погоден за изработка на засолништа, да не е изложен на ветрови, на поплави, да не задржува вода (мочурливо земјиште), да не постои опасност од одрони на земјиштето и од лавини и да не е блиску до патишта и патеки. Во случај на атмосферски врнежи треба да се избегнуваат северните страни на теренот кои се постудени и потешко се сушат во случај на атмосферски врнежи. Исто така, треба да се избегнува густа шума, бидејќи задржува влага и воздушната температура е пониска поради недостиг на сончева светлина.

Виктор Крстевски





# Поделба на приватните безбедносни актери

## Приватни безбедносни компании (3)

Поимот „приватни безбедносни компании“ е во употреба во голем број земји но, сепак, се водат значајни расправи околу точното значење на овој поим. Приватните безбедносни компании ги имаат истите одлики и командни структури како и приватните воени компании, а главната разлика е во услугите што ги нудат

Приватните безбедносни компании (ПБК) главно се насочени кон спречување на криминалот и обезбедување на јавниот ред и мир, а нудат и услуги за обезбедување затвори, аеродроми, инфраструктурни објекти и приватни лица. Може да се сретнат некои дефинициски пристапи кои ПБК ги дефинираат како регистрирани цивилни компании, специјализирани за нудење договорни услуги од комерцијална природа на домашни и на странски клиенти, со цел заштита на луѓето и на индустриските комплекси во рамките на донесените закони во државата во која се остваруваат таквите дејности. Приватните компании за обезбедување и услугите што ги нудат станаа дел од нашето секојдневие, почнувајќи од камерите на влезовите што се поставени во влезовите на зградите, банките, шопинг-центрите, болниците или во училиштата, преку блиндирани возила кои секој ден ги гледаме на улиците како вршат транспорт на пари и на останати вредни работи, па сѐ до вработени кои работат обезбедување, стојат на влезовите или патролираат по објекти. Некои од тие компании се присутни на пазарот и повеќе од еден век, имаат привилигирани договори со владите на одередени земји, а некои од нив, пак, се вклучени и во контроверзни работи.
Поопширната дефиниција ги дефинира ПБК како јасно структуирана и хиерахиски точно определена регистрирана корпоративна асоцијација која нуди услуги од безбедносна природа, со натпреварувачки дух со други компании. Пазарот на ПБК, како и конкуренцијата, се далеку поголеми и поостри за разлика од случајот со ПВК. Основните карактеристики со кои се одликуваат ПБК е профитот и нудењето услуги на внатрешна безбедност и заштита. Повеќето од овие компании се мали и се фокусирани на превенција на криминалот и на обезбедување на јавниот ред и мир, како и нудење услуги во доменот на приватното обезбедување на внатрешниот пазар за кој се регистрирани. Мал број ПБК се организирани според системот на големите компании и ги делат истите корпоративни принципи и команди како и ПВК. Затоа ПБК кои спаѓаат во оваа група, во основа имаат странски клиенти и се ангажирани во повеќе странски држави, особено во држави во кризните региони
ПБК  имаат соодветни цели и задачи, тргнувајќи од обезбедување секојдневна храна и снабдување за домаќинството, па сѐ до стратегиски цели во надворешната политика (владини услуги) . Тие нудат и тренинг

за генералите и за специјалните сили, подготвуваат разузнавачки системи, планирање и логистичка поддршка, закупуваат воена опрема за користење во борба, оперирање со оружје на воени полиња и, во крајна линија, создаваат обучени и вооружени војници. Исто така, ПБК се организации управувани за профит, коишто тргуваат со професионални усслуги поврзани со домашната безбедност и заштита. Во голем број држави, како на пример САД, Велика Британија, Израел, Германија, Русија, Јужна Африка и Филипините, бројките на домашни ПБК и висината на нивните буџети го надминува бројот на јавните безбедносни институции за спроведување на законот. Само мал број од ПБК се организирани во поголеми компании како ПВК, освен оние кои се во потрага по странски договори. Тие се вклучени во многу конфликти (Етиопија, Еритреја, Ангола, Сиера Леоне, Хрватска итн.), на сите клучни стратегиски и инфрастуктурни точки. Моќта на овие компании, коишто нудат безбедносни услуги, е толку голема што може да се наречат суперсила. За илустрација, САД, по завршувањето на Студената војна,  во секоја мировна операција користат сè повеќе услуги од приватни корпорации, така што во 2010 година, според официјалните статистики на Владата на САД, приватните сили биле побројни од државните војници присутни во Авганистан и во Ирак во тој период. Во литературата може да се сретне класификација на приватните безбедносни компании коишто дејствуваат на внатрешниот пазар, врз основа на некои карактеристики:

- Секторот за обезбедување е најобемна и највидлива компонента. Регионите со висока стапка на криминал имаат најголем број компании што се занимаваат со овој вид услуги. Овој сектор вработува аеродромски патроли, обезбедување згради, спортски центри, магацини, паркинзи и обезбедување други објекти и дејности на кои им е потребно обезбедување;
- Секторот за техничко обезбедување, информатичка заштита и набљудување вклучува инсталирање на алармни системи, пристапни уреди, уреди за заштита и биометриски сензори. Во услугите честопати се вклучени и интервенции во случај на провали и кражби, а услугите за набљудување се изведуваат со мониторинг сензори и опрема за снимање и надгледување;
- Секторот за истрага и анализа вклучува приватни истражувачи, чија основна дејност опфаќа широка палета активности  – од високоризични до нискоризични . Пприватните компании за обезбедување и нивните услуги станаа дел од нашето секојдневие, почнувајќи од камерите на влезовите, поставени во влезовите на зградите, банките, шопинг-центрите, болниците или во училиштата, преку блиндирани возила што секој ден ги гледаме на улиците како вршат транспорт на пари и на останати вредни работи, сè до вработени кои работат обезбедување, стојат на влезовите или патролираат по објекти. Некои од тие компании се присутни на пазарот и повеќе од еден век, имаат привилигирани договори со владите на одередени земји, а некои од нив, пак, се вклучени и во контроверзни работи.



Денес побарувачката на услуги од ПБК се зголемува, како резултт на економските, на демогравските и на политичките промени. Во исто време, државните и јавните власти имаат намален удел на директна одговорност во обезбедување на јавна безбедност. ПБК се одговорни за обезбедување на јавната безбедност и за заштита на јавната и приватната сопственост на голем број локации, вклучувајќи ризични области како што се нуклеарни централи, банки, амбасади и аеродроми. ПБК работат и во затворите, спроведуваат прописи за паркирање, во судовите и во придружба на транспорт со висок ризик како течен гас, хемикалии и нуклеарен отпад. Побарувачката на приватни работници за обезбедување драстично се зголеми после нападите на 11 септември 2001 година, така што приватните безбедносни услуги се зголемија за околу 10% во САД, што е дури 50% од услугите во Европа.

м-р Ксенија Митева





# Црноморска сага: Империи, конфликти и обликување на нов светски поредок

Приказната за Црното Море е една од древните приказни за трговските патишта и модерни цевководи, наследство на империите и регион од интерес на актуелните стратешки амбиции. Таа е историски мост меѓу континентите и културите, сега опкружен со сенки на војна и конфликти

На Север „врие“ војната во Украина; на Југот продолжува конфликтот Израел – Газа; на Исток, во Карабах, владее кревок мир, а на Запад сè уште постојат проблемите во Косово и во Босна. Во тој контекст, Црното Море се појавува како клучна арена за борба за моќ, што може да ја обликува траекторијата на глобалната политика во наредните години. Црното Море, е историски нексус низ кој некогаш минувале византиските трговци и отоманските галии, а сега резонира со подводните струи на модерните геополитички ривалства. Црното Море е клучната врска помеѓу Европа, Азија и Блискиот Исток, која не е клучна само за поморската трговија, туку и е и канал за снабдување со енергија, привлекувајќи го вниманието на глобалните и регионалните сили. Цевководите што ги преминуваат нејзините длабочини за да ги задоволат растечките енергетски потреби на Европа, дополнително го нагласуваат значењето на Црноморскиот регион. Русија е на прагот да ја реализира нејзината долгогодишната стратешка цел долж западната граница. Нејзината примарна цел е да го обезбеди Крим од копното и да ја зајакне поморската доминација од Севастопол, а со тоа да ги одврати западните поморски сили во Црното Море. И покрај промената на глобалната динамика, историските амбиции на Русија во овој регион остануваат цврсти. Цврстата контрола на Кремљ над Крим и на делови од Источна Украина, се толкува како стратегија со која Русија повторно ќе ја потврди својата поморска доминација и ќе ја зацврсти својата улога како клучен снабдувач со енергија за Европа. Овие маневри ја зголемуваат загриженоста помеѓу западните сили и регионалните држави, кои ја доживуваат самоувереноста на Москва како директен предизвик за постојниот геополитички поредок. Во позадината на овие немири, Кина и Иран се појавуваат како тивки корисници. Целите на Кина се двојни: обезбедување стабилна рута низ Црното Море за нејзината иницијатива „Појас и пат“ (во оригинал: Belt and Road Initiative) и обезбедување на безбедноста на јужниот синџир на снабдување со нафта и гас од Блискиот Исток, вклучувајќи ги критичните ирански пристаништа во Бандар во Абас и во Чах Бахар. За Иран, ограничувањето на западното влијание е најважно, бидејќи обезбедува поголема слобода за маневрирање во регионот. Иако иранските беспилотни летала можат да заостанат зад другите, нивната достапност ги прави драгоцено богатство за Русија, што овозможува распоредување на роеви од беспилотни летала. Двете држави го сметаат Црното Море како потенцијална стожерна точка каде динамиката на моќта би можела да се сврти во нивна корист. Контролата на

Турција над виталните теснеци, Босфор и Дарданелите, ја става во епицентарот на геополитичкиот наратив на Црното Море. Конвенцијата на Монтре (во оригинал: Montreux) ѝ дава геостратешка одговорност на Турција да ја балансира динамиката на регионалната моќ, овозможувајќи управување со поморскиот премин, вклучително и воените бродови, за време на мир и воено време. Дополнително, како основачка членка, Турција има клучна улога во Црноморската економска соработка (кратенка во оригинал: BSEC) која ја подобрува регионалната соработка, економската интеграција и политичкиот дијалог меѓу црноморските народи. Оваа соработка ја зајакнува улогата на Турција како регионален лидер, олеснувајќи ја нејзината цел да воспостави зона на мир, стабилност и просперитет во регионот на Црното Море. Како членка на НАТО со различни регионални аспирации, Турција, внимателно ги балансира своите обврски кон западните сојузи наспроти прагматично култивираните односи со Истокот. Развојот на конфликтот во Украина придонесува за сложеност на веќе сложената позиција на Турција. Критиките кои сугерираат дека Турција треба да ја смени својата внатрешна или надворешна политик, бидејќи честопати произлегуваат од перспективи кои се главно се засноваат на далечниот Запад, занемарувајќи ја географската одговорност и сложената рамнотежа што ја одржува Турција. Може да се негира или да се аргументира оваа реалност, но ако западните држави беа во слична географска и геополитичка ситуација, нивните одговори може да го одразат, ако не и да го надминат ставот на Турција.
За НАТО, одржувањето на стабилноста во Црното Море е од суштинско значење за безбедноста на Европа. Алијансата активно работи на спротивставување на рускиот територијален напредок преку зајакнување на одбранбените способности на нејзините земји членки на Црното Море, но неодамнешната анализа на списанието „Stars and Stripes“ го истакнува загрижувачкиот тренд на намалено поморско присуство на НАТО во регионот. Затоа, императив е НАТО да ја зајакне довербата и соработката меѓу своите членки. Таквата солидарност е од клучно значење не само за одржување на регионалниот мир и безбедност, туку и за спротивставување на влијанието на злонамерните држави кои воскреснуваат.
ЕУ се соочува со предизвик за одржување на силна позиција во регионот на Црното Море, во услови на промена на динамиката на моќта. Неодамнешните напори за проширување на влијанието со нудење членство на Украина и на Грузија, предизвикаа внатрешни несогласувања, загрозувајќи го единството на ЕУ. Оваа стратегија за проширување покренува критични прашања за придобивките



наспроти загубите, потенцијалната ерозија на довербата со исклучување на Турција и Балканот и долгорочната одржливост на интегрирањето на Украина и на Грузија. Ваквата сложеност и уочениот недостаток на јасна стратешка визија се во спротивност со порешителните планови на другите регионални играчи, што ја нагласува потребата на ЕУ да го зацврсти својот став како одговор на еволуирачките геополитички ситуации.
Тековната војна во Украина е подготвена неповратно да ја промени динамиката на моќта во регионот на Црното Море. Руската контрола на Крим, иако е значајна, нуди ограничена стратешка предност, без директен копнен пристап. Русија најверојатно е решена да ја задржи контролата врз окупираните региони Керсон, Запорожје, Донбас и Луганск по секоја цена. Оваа контрола ,не само што ја консолидира контролата на Русија над критичното пристаниште Севастопол, чувајќи ја главната база на нејзината поморска флота во Црното Море туку, исто така, го спречува потенцијалното опкружување од силите на САД или НАТО. Овие територијални промени се закануваат за да ја нарушат постојната рамнотежа на моќта во Црното Море, потенцијално преобликувајќи ги регионалните и глобалните односи на посуштински начини. Воената експанзија на Русија ја зајакнува нејзината поморска доминација во областа, дозволувајќи ѝ на Русија да врши влијание преку морето и да претставува потенцијална закана за другите приморски држави. Главна цел за овие држави ќе биде да воспостават нова рамнотежа на силите, истовремено обезбедувајќи одржување на мирот во сѐ понестабилниот регион. Додека државите се натпреваруваат за контрола и влијание во Црното Море, тоа е жив барометар на меѓународните односи, пресликувајќи ги засилените глобални тензии. Наративот за Црното Море ја раскажува приказната за Црноморскиот регион, кој историски ги премостувал континентите и културите, а сега се наоѓа во епицентарот на борбата за моќ, со потенцијал да ги редефинира контурите на глобалната политика во догледна иднина.

м-р Билјана Поповска
*(адаптирано од https://avim.org.tr/Blog/THE-BLACK-SEA-SAGA-EMPIRES-CONFLICTS-AND-THE-SHAPING-OF-A-NEW-WORLD-ORDER)*





# Арктик – одмерување на моќта или пат за соработка во меѓународниот поредок (1)

Арктикот е простор којшто е значаен за глобалниот мир и стабилност и претставува алтернатива на транзитната глобална поморска рута

Зголемениот геоекономски и геополитички потенцијал на Кина изминатата деценија, доведе до тоа Арктикот да биде доминантен актер во сите поважни односи кои се однесуваат на овој регион. Ова е поради неговата геостратегиска положба, како и поседувањето на неисцпни извори на природни богатства – огромни резерви на нафта и гас, но и сообраќајно е многу значаен, не само за државите од „арктичкиот круг“: Русија, САД, Канада, Норвешка, Данска, Шведска, Финска, Исланд, туку и за другите држави долж пацифичко-атлантската паралела.
Со оглед на тоа што површината на Арктикот не можно да се заземе, веќе подолг период постојат спорови околу неговото разграничување, така што овој простор претставува conditio sine qua non за усогласување на новиот систем за безбедност во светски рамки. Исто така, како приоритети се спомнуваат и одржливиот економски развој, заштитата на животната средина и најактуелните климатски промени.
Со стопување на ледените брегови, на Арктикот ќе се предизвика иреверзибилен процес кој негативно ќе влијае на животната средина, како и на целокупната безбедност на целото човештво кое, пак, од друга страна, ќе доведе до отворање на арктичките правци со развој на поморскиот сообраќај, меѓународната трговија, рударството, енергетиката, рибарството, и на тој начин би се добиле позитивни ефекти во развојот на националните економии и во меѓународните економски односи.

## Трка за Арктикот

Во студија изработена пред извесен период се дава споредбена анализа на арктичката стратегија, која претставува значајна насока за надворешнополитичкото дејствување на арктичките, но и на другите држави кои гравитираат кон Арктикот. Во овие нови констелации на меѓународни односи кои денес се присутни, а во кои доминира милитаризацијата, решавањето на комплексните проблеми оди преку делимитација на државниот суверентитет и доградба на меѓународниот правен поредок низ воспоставување на единствен режим на заедничко користење на природните богатства на Арктикот. Тоа доаѓа по претходно воспоставените ефикасни модели на меѓунаордна соработка. Додека дојде до ова, не е можно воспоставување на трајна стабилност и доверба меѓу

субјектите, а „трката“ за Арктикот сè повеќе ќе го оддалечува просторот и ќе го приближува до геополитичкото дејствување на големите сили, кои и практично ја манифестираат нивната голема моќ, пред сè САД, Русија и Кина.



## Стратегии за Арктикот

Стратегијата на САД за Арктикот

САД во 2009 година имаат донесено претседателска Директива за национална безбедност (WH 2009), во која се дефинира политиката за национална безбедност на САД во однос на Арктичкиот регион, како и на обврските за заштита на арктичкото окружување и зачувување на биолошките ресурси, еколошки одржливо управување на природните ресурси и обезбедување на економски развој, како и зајакнување на институциите за соработка помеѓу осумте арктички држави и вклучување на домородното население во процесот на донесување одлука и подобрување во следењето на научните истражувања во делот на локалните, регионалните и глобалните проблеми на животната средина. Со Директивата се гарантира слободата како основен и носечки приоритет на САД, додека Северозападниот теснец – мореуз се дефинира како поморски правец отворен за меѓународна пловидба. Овој поморски правец, како резултат на глобалното затоплување, се предвидува да се користи како алтернатива на Панамскиот Канал заради скратената рута помеѓу Азија, Америка и Европа. За северниот морски пат е нагласена потребата од отворен пристап и користење од страна на сите арктички држави. Во Директивата се дава дефиниција за подрачјето на арктичкото морско дно и подземје, во кое САД можат да остварат свои суверени права над природното богатство – нафта, природен гас, метански хидрати, минерали и жив свет. Иако САД не се дел од Конвенцијата на ОН од 1982 година со која се модификувани правилата, таа состојба не ја менува способноста да бидат актери во решавањето на сите отворени прашања за Арктикот, во согласност со важечкото меѓународно морско право. Исто, не се исклучува развојот на нејзините безбедносни капацитети, кои се неопходни за заштита на границите од копно, на море и од воздух. За тоа сведочи и Арктичката стратегија на САД од 2013 година со која се нагласуваат заштитата на американските граѓани, територијалниот интегритет и суверентитет и интересите на природните ресурси. Имплементацијата на безбедносите приоритети започна наредната година, со усвојување на акциски план за реализација на арктичката стратегија.

Со променетите геополитички односи, САД, и после овој период, проценија дека политички е целисходно да се покрене изработка на нова стратегија на ниво на военото воздухопловство, американската морнарица и крајбрежната стража, чија крајна цел би било воспоставување стабилен и безбеден регион во кој ќе се сочуваат националните интереси, државата ќе биде заштитена, а сојузничките нации ќе бидат упатени на различни модели на соработка, со цел надминување на сите предизвици што се јавуваат на Арктикот.

## „Наш север, наше наследство, наша иднина“ – Арктичка стратегија на Канада

Канадската арктичка стратегија под мотото „ Наш север, наше наследство, наша иднина“, се потпира на четири столба кои опфаќаат извршување на суверенитетот, промовирање на економски и социјален развој, заштита на еколошкото наследство и подобрување на управувањето со арктичките области. Стратегијата е проширена и обезбедува меѓународно признавање на проширените канадски граници во епиконтинеталниот појас и ефикасно управување со арктичките области за осигурување на јавната безбедност.

м-р Зоран Василески












# СИНЕРГИЈА, КВАЛИТЕТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

**Заедничка алпинистичка вежба на припадниците на Баталјонот за специјални сили на Армијата и Единицата за брзо распоредување при МВР**

Министерот за одбрана Владо Мисајловски, заедно со министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, началникот на ГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски и директорот на Бирото за јавна безбедност, Александар Јанев, присуствуваа на методско-огледната алпинистичка вежба „Пребарување, спасување и евакуација на повредени“, која заеднички ја изведуваа припадниците на Баталјонот за специјални сили на Армијата и Единицата за брзо распоредување при МВР во тешко пристапниот реон на Демир Капија. Министерот Мисајловски, по успешно изведената заедничка вежбовна активност, истакна дека тимската работа на две елитни единици ја покажува синергијата, квалитетот и професионалноста која владее меѓу припадниците на овие единици, што дополнително значи континуирано подобрување и зајакнување на капацитетите. „Овие специјални единици треба да ги почитува секој во државава, бидејќи каде и да се случи несреќа или што и да се случува во рамки на безбедноста на државата, секогаш се први и секогаш дејствуваат. Затоа сакам уште еднаш од тука да им се заблагодарам од мое лично име, но и од името на граѓаните, затоа што нивната работа е навистина тешка“, рече Мисајловски и додаде дека со цел континуиран развој на единиците на Армијата, потребно е да се вложува максимално. „Ќе вложуваме максимално колку што може во нашите буџети, бидејќи никогаш не треба да се штеди за овие вежби за специјалните единици, бидејќи се навистина гордост на Македонија“. Заедничката обука по воена алпинистика, се реализираше во периодот од 7-14 октомври под менторство на инструкторите за воена алпинистика од Баталјонот за специјални сили, и истата опфаќа извежбување и совладување на техники за пребарување, спасување и евакуација на повредени во тешко пристапен терен.

# „DM51“ – германска одбранбено-нападна рачна бомба

Одбранбено- нападната бомба „DM51/DM51A1“ е стандардна рачна бомба на германскиот Бундесвер (германската армија), каде што DM е кратенка од Deutsches Modell (германски модел). Бомбата беше претставена во 1974 година, а нејзината цел беше замена на рачните одбранбени бомби „DM41“ и рачните нападни бомби „DT11“, „DT11B1“ и „DM21“ кои се користат во Бундесверот. Производител на рачната бомба е компанијата „Diehl defence” од Нирнберг (Германија). Бомбата „DM51“ се испорачува подготвена за користење во пластична кутија (куфер со 10 бомби), спакувана како одбранбена (фрагментирачка или распрснувачка) рачна бомба. „DM51“ е опремена со детонаторот „DM82“, а „DM51A1“ со детонаторот „DM82A1B1“. Разликата помеѓу двата детонатори се различните капачиња на иницијалната каписла и различните детонатори. Смртоносниот радиус на бомбата е околу 10 метри, а опасната зона околу 35 метри. Исто така, развиени се и малку изменетите верзии „DM51A2“, а во 2006 година и „DM52A33“ (со модифицирано вчитување на засилувачот).
Основната намена на рачната бомба „DM513“ е уништување на непријателската жива сила во сите услови на блиска борба со дејството на ударниот бран и со убиственото дејство на челичните сачми. Бомбата е ефикасна против цели во ров, засолништа, утврдени објекти, шуми и друго. Фрлањето на бомбата треба да се изведува од засолниште во лежечки, клечечки и стоечки став или од зад засолниште. „DM51“ припаѓа во категоријата на одбранбено-нападни бомби со временско дејство.
Оваа универзална бомба, поради изведената градба има двојна улога, и како одбранбена и како нападна рачна бомба. Нападната варијанта на бомбата поседува потенко тело во облик на хексагонална призма, чија кошулка е изработена од пластика, а внатрешно поседува експлозивното полнење од пластичен експлозив (Pentastit) со тежина од 60 gr со голема бризантна моќ. Оваа рачна бомба, од нападна се претвора во одбранбена бомба со додавање на дополнителна пластична кошула (со навлекување одоздола) во облик на буренце со челични сачми, а се прицврстува со ротирање на долниот дел за 90 степени. Од претходно наведеното може да се заклучи дека бомбата „DM51“ е составена од две целини: експлозивно тело со запалка и пластична кошула со челични сачми. Телото на одбранбената бомба има надворешна зелена пластична префрагментирачка кошулка и јадро. Јадрото го претставува убиствениот дел на бомбата и е составено од 5.700 челични сачми со големина од 2 до 2.3 mm, кои меѓусебно се поврзани со пластична маса. За активирање на експлозивното полнење на бомбата „DM51A1“ се користи таканаречената ударна запалка (детонатор) ,,Бушон”, модел „M82A1B1“, која ги поседува следните основни делови: заштитна капа, ,,уши”, алка, пружина на удирачот, дел за закачување, оска на удирачот, иницијална каписла, тело, пружина, осигурувач, рачка, удирач, прстен кој се топи, дел за забавување, носач на детонаторот, детонатор и дел за посилна детонација.
За обука е воведена вежбовната рачна бомба „DM58“, која е реплика на „DM51“, со иста тежина, форма и начин на ракување. Но, светлосината боја на телото ја прави јасно различна од зелената борбена верзија „DM51“. Наместо експлозивно полнење, „DM58“ во внатрешноста има рачни бомби за обука: „DM48“, „DM48A1B1“ или „DM48A2“. Оваа бомба се активира околу 4 до 5 секунди после фрлањето и произведува тресок со истовремен оган и чад. Заменувањето на потрошните делови, како што се заштитната игла и практичната рачна бомба „DM48“, овозможува вежбовната бомба „DM58“ да се користи повеќепати.
Освен германската армија, корисници на рачната бомба „DM51“ досега се курдските борци против „Исламската држава“ и украинската армија, за време на воените дејства против руската армија.

Ивица Дамески







**Објаснување на пресек-сликата**

**Пресек-слика на бомбата „DM51“:**

**1.** Алка
**2.** Рачка
**3.** Пластична кошула од фрагментационото тело со сачми од 2 mm
**4.** Пластична заштитна капа
**5.** Иницијална каписла
**6.** Пружина на удирачот
**7.** Дел за забавување од 4-5 секунди




**8.** Детонатор
**9.** Кошула на основното тело
**10.** Чаура на иницијалниот ланец
**11.** Дел за посилна детонацијата
**12.** Експлозив тип „Pentastit“
**13.** Елемент на вртење од пластичното фрагментационо тело за спојување со основното тело на гранатата

| Тактичко-технички карактеристики на „DM51“ | | |
|---|---|---|
| **Верзија** | Одбранбена | Нападна |
| **Тежина** | 430 gr | 154 gr |
| **Експлозив** | Pentastit | |
| **Тежина на експлозивот** | 60 gr | |
| **Задоцнување на експлозијата** | од 3 до 5 сек | |
| **Височина** | 107 mm | 100 mm |
| **Дијаметар на телото** | 57 mm | 33.5 mm |
| **Големина на сачмата** | од 2 до 2.3 mm | / |
| **Убиствена зона** | 10 m | / |
| **Опасна зона** | околу 35 m | / |



# Авион „Northrop Grumman E-2 Hawkeye“

Авионот „Northrop Grumman E-2 Hawkeye“ е воздухоплов кој може да се користи во сите временски услови, а првенствено е наменет за Морнарицата со употреба на носач на авиони. Со него се врши тактичко набљудување и извидување на поморскиот и на воздушниот простор, со цел рано воздушно предупредување

Постојаните подобрувања на воздушните радари до 1956 г. доведуваат до изградба на авиони за рано воздушно предупредување од неколку различни земји и неколку различни вооружени сили. Биле додадени и функциите за командување и контрола во поморскиот и воздушниот простор. Авионот е дизајниран и развиен во доцните 1950-ти и раните 1960-ти од страна на компанијата „Grumman Aircraft Company“, во интерес на Морнарицата на САД, како замена за претходниот воздухоплов „Е-1 Tracer“, кој брзо станувал застарен. Следствено на ова, компанијата „Grumman“ го користела основниот распоред на „Grumman E-2 Hawkeye“ за подоцна да го произведе товарниот авион „Grumman C-2 Greyhound“. Постојат неколку варијанти на авионот. Перформансите на авионот се надградени со верзиите Е-2В и Е-2С, каде што промените се однесувале на радарот и на радиокомуникациските уреди, пред сè поради напредокот во електронските интегрирани кола и другата електроника. Четвртата голема верзија на „Hawkeye е Е-2D“, која првпат полетала во 2007 г. Овие варијанти се во континуирано производство од 1960 г., што претставува најдолго производство од кој било авион стациониран на носач на авиони. Покрај службата во американската морнарица, помал број на „Е-2“ им биле продадени на вооружените сили на: Египет, Франција, Израел, Јапонија, Мексико, Сингапур и Тајван.

Во 1956 г. американската морнарица доставила барање за авион за рано предупредување во воздушниот простор, со цел неговите податоци да можат да се интегрираат во системот за поморски тактички податоци на бродовите. За да го исполни ова барање на Морнарицата, наредната година била избрана компанијата „Grumman“. Редизајнираниот „Е-2А Hawkeye“ е првиот авион способен да оперира од носач на авиони како командно-контролен воздухоплов. Дизајнерите се соочиле со огромни предизвици, вклучувајќи го и барањето авионот да може да извршува задачи од постарите модифицирани носачи на авиони. Овие бродови биле изградени за време на Втората светска војна и биле помали од модерните носачи. Подоцна биле модифицирани за управување со млазни авиони, а со тоа следствено требало да се вклучат различни ограничувања за висината, тежината и должината во дизајнот на варијантата „Е-2А“. Првиот прототип, кој делувал само како аеродинамичко тестирање, полетал на 21 октомври 1960 година. Првиот целосно опремен авион следел наредната година, а овој авион стапил во служба во американската морнарица како „Е-2А“ во јануари 1964 г.година. Сепак, до 1965 г. проектот имал многу проблеми во развивањето, така што бил откажан откако веќе биле изградени 59 авиони. Особено имало потешкотии поради несоодветното ладење во одделот за авионика. Раните компјутери и сложените авионски системи во тоа време генерирале значителна топлина и можеле да откажат без соодветна вентилација. Овие проблеми продолжиле уште долго време откако авионот стапил во употреба. Во еден момент сигурноста била толку лоша што целата флота на авиони била приземјена. Откако претставниците на морнарицата биле принудени да му објаснат на Конгресот зошто биле потпишани четири договори

за производство пред да биде завршено тестирањето на авиониката, била преземена акција со која компанијата и американската морнарица се обиделе да го подобрат дизајнот. Биле заменети различни системи за авионика, а со тоа надградените 49 од вкупно 59 авиони биле означени како „Е-2В“, односно надградени до стандардот за варијантата „Е-2В“. Иако надградената варијанта „Е-2В“ била огромно подобрување за разлика од првата недоволно тестирана варијанта „Е-2А“, тоа било привремена мерка. Во 1968 г. започнала програмата за подобрување на можностите кои биле концентрирани на радарските и компјутерските перформанси. Првиот надграден авион летал во 1971 година. Испитувањата биле задоволителни и варијантата „Е-2С“ била испорачана за производство. Новата варијанта најчесто се користела заедно со ловците „Grumman F-14 Tomcat“ за следење на воздушниот простор и векторирање преку податочната врска „Link-4A“, со цел уништување на потенцијалните закани со проектили со долг дострел. Во следното производство, помеѓу 1988 и 1991 г., биле изградени 18 авиони според стандардот на група „I“. Авионите од групата „I“ ги замениле постарите авиони. Се разгледувала и надградбата на авионите од групата „0“, до спецификации на група „I“, но цената можела да се спореди со нов производствен авион и затоа не се извршени надградби. Авионите од групата „I“ биле управувани само од ескадрилите на атлантската флота. Оваа верзија, после неколку години, била наследена од групата „II“, со вграден нов радар. Новата верзија стапила во служба во јуни 1992 г. и служела со ескадрилите на Пацифичката и Атлантската флота. Надградбите на пилотската авионика се однесувала на замена на механичкиот инертен систем за навигација со посигурен и попрецизен ласерски систем, инсталирање двојни мултифункционални дисплеи, интегрирање на GPS во системот за оружје, како и замена на старите компјутерски процесори со модерна компјутерска технологија. Последната надградба од групата „II“ е позната како „Hawkeye 2000“, со надграден компјутер за мисија, систем за поврзување со податоци и пристап до сателитски информативни мрежи. Најновата верзија на авионот е „Е-2D Advanced Hawkeye“, која содржи целосно нов пакет на авионика, вклучувајќи го и новиот радар, радиопакет, компјутер за мисија, интегрирани сателитски комуникации, систем за управување со летови, подобрени мотори, стаклен кокпит и систем за воздушно надополнување со гориво, кој ќе му овозможи да го зголеми вкупното време на мисијата од четири на седум часа. Првиот лет на оваа варијанта се случил



на 3 август 2007 година. За радарот „APY-9“ се верува дека е способен да открие стелт-авиони со големина на ловец, потенцијално откривајќи ловци од петтата генерација како што се рускиот „Sukhoi Su-57“ и кинеските „Chengdu J-20“ и „Shenyang J-31“. Испораките на почетното производство започнале во 2010 г. со првото слетување на носачот „USS Harry S. Truman“, како дел од тестирањето на неговата соодветност. Како и сите авиони кои оперираат од еден носач, „Е-2“ е опремен со кука за запирање при слетување, а предниот дел може да се прикачи на катапултите на носачот на авиони за лансирање, односно полетување. Карактеристика на „Hawkeye“ е неговата ротирачка радарска купола со дијаметар од 7,3 метри. Варијантите „Е-2С“ и „Е-2D Hawkeyes“ користат напредни електронски сензори, во комбинација со дигитална компјутерска обработка на сигнали. Неговите радари за рано предупредување се особено моќни за детектирање напади од непријателски авиони и противбродски ракетни системи насочени кон сите борбени групи и носачи на авиони. Откако влегол во операции за време на војната во Виетнам, авионот „Е-2 Hawkeye“служи во американската Морнарица низ целиот свет, делувајќи како електронски „јастребови очи – очи на флотата“. Авионот е клучната компонента на сите носачи на морнарицата на САД. Секој носач е опремен со четири до пет авиони од овој тип. Ескадрилите „Е-2С Hawkeye“ одиграле клучна улога и во воздушните мисии за време на операцијата „Пустинска бура“, како и на други места. Некои од новите функции на еден „Advanced Hawkeye“ се: целосно нов радар со механички и електронски способности за скенирање, целосно интегриран тактички дисплеј-кокпит, напреден систем за идентификација на пријател или непријател, нови компјутерски и тактички работни станици за мисија, подобрување на мерките за електронска поддршка и модернизиран пакет за комуникации и податоци за врски. Вистинското радарско покривање од 360 степени обезбедува бескомпромисно следење во сите временски услови и во секаква ситуација, а хардверот и софтверот се засновани на отворена архитектура, која овозможува брзо и економично обновување на технологијата.

Драган Павловски





# Тактичко оклопно возило „Алигатор 6×6“

Тактичко-оклопното возило со тркала „Алигатор 6х6“, производство на компанијата „Streit Group“, е наменето да ги задоволи современите борбени потреби на вооружените сили

Тактичко-оклопното возило на тркала „Алигатор 6×6“, произведено од страна на компанијата „Streit Group“, е наменето да ги задоволи современите борбени потреби на вооружените сили. Возилото за првпат е претставено пред јавноста во јуни 2016 година. Тоа е опремено со напредни системи за заштита и на единиците им нуди поголема можност за опстанок на бојното поле. Возилото може да се конфигурира за различни улоги, вклучително и како оклопен транспортер, командно и контролно возило, возило за поддршка на конвои и возило за предно набљудување.

## Карактеристики на оклопното возило „Алигатор“

Шасијата со погон на шест тркала на оклопното борбено возило „Алигатор“ обезбедува подобра способност за носивост. Возилото е со должина од 6,51 метри, ширина од 2,82 метри и висина од 2,77 метри. „Алигатор“ сместува до десет лица, вклучувајќи возач и командир. Возачкото седиште се наоѓа напред, лево, додека командирот и војниците се сместени во транспортниот дел одзади. Кабината на возачот е опремена со големо ветробранско стакло напред и една врата со мал прозор отпорен на куршуми на левата страна. Хидраулично управувана врата одзади обезбедува пристап до одделот за војници. На покривот на возилото се инсталирани два отвора за да се овозможи итен излез за војниците. Обезбедени се три мали стаклени прозори, отпорни на куршуми на двете страни одзади, за да се подобри сеопфатната видливост за војниците. Преклопливите седишта со ремен од четири точки обезбедуваат максимална заштита на патниците од експлозија на мини и импровизирани експлозивни направи под возилото.

## Огнената моќ на возилото „Алигатор“

Борбеното возило „Алигатор“ може опционално да се интегрира со далечински управуван вооружен систем, опремен со два митралези од 12,7 х 99 мм за гаѓање на целите. Сместен во центарот на трупот на покривот на возилото, вооружениот систем има мали прозорци за набљудување кои се отпорни на

куршуми од сите страни, за да се зголеми видливоста. Куполата има и три рачни, автоматски фрлачи на димни гранати.

### Системи за набљудување на оклопното возило „Алигатор“

Камерите за свесност на ситуацијата на возилото му обезбедуваат на возачот сеопфатна покриеност од 360°. Заменливите перископи им овозможуваат на возачот и на командирот на возилото да набљудуваат и да ги гаѓаат целите. Нишанот со термичка слика го подобрува видното поле на возачот во ноќни услови.

### Заштитни способности на тактичкото оклопно возило

Возилото е дизајнирано во согласност со нивото на оклоп STANAG 4569, Ниво 4. Тактичкото возило „Алигатор“ нуди засилена заштита од мало оружје со муниција од 14,5 x 14 mm. Може да издржи експлозија до 10 килограми ТНТ на импровизирани експлозивни направи (IED) и мини. Самоодбраната за екипажот е обезбедена од автоматските системи за самоодбрана „GALIX“. Преживувањето може дополнително да се подобри со додавање на дополнителен оклоп, керамички или композитни плочи. За првпат возилото е претставено пред јавноста во јуни 2016 година. Тоа е опремено со напредни системи за заштита и нуди пешадиски единици со поголема можност за опстанок на бојното поле. Возилото може да биде опремено и со хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарен CBRN-систем за филтрирање на воздухот, за да ги заштити членовите на екипажот при контаминирани услови на животната средина.

### Мотор и мобилност на оклопното возило „Алигатор“

Оклопното борбено возило „Алигатор“ е придвижувано од Cummins ISL 400, 8,9l, шестцилиндричен линиски дизел-мотор со турбополнач, поврзан со шестбрзински автоматски менувач, систем „Allison 3200SP“. Моторот има моќност од 400 КС и развива вртежен момент од 1.200 lb-ft. Возилото има два резервоари за гориво со капацитет од 200 литри и има способност да работи под различни услови во животната средина.
Се одликува со опција за централен систем за надувување на гуми – CTIS, наменет за подобрување на перформансите на возењето. Ова возило може да се обезбеди со комплет за амфибија и има можност да се движи и во вода.
Седиштето на компанијата „Streit Group“ е во Ras Al Khaimah во Обединетите Арапски Емирати.

Иако се претпоставува дека дел од возилата се продадени во Судан и во други африкански земји, сè уште нема податоци за други земји кои се оператори на овие тактички оклопни возила.

Идриз Идризоски

| Дополнителни карактеристики на возилото „Алигатор“: | |
|---|---|
| **Производител** | Streit Group Manufacturing Inc |
| **Шасија** | 6x6 |
| **Должина** | 6,51 метри |
| **Широчина** | 2,82 метри |
| **Висина** | 2,77 метри |
| **Посада** | 10 (2+8) војници |
| **Балистичка и противминска заштита** | STANAG 4569 Level 4 |
| **Брзина на пловење** | 10km/h |
| **Мотор** | Cummins ISLe-450 (Euro 3) (Diesel engine) |
| **Трансмисија** | 3200 SP (Transmission) |








# „Short S25 Sunderland"

Во Втората светска војна, многу нации забележале драстични промени, речиси на секое поле на државниот систем. Техничко-технолошкиот развој на воените инструменти, тенкови, авиони, оклопни возила, потоа тактиката и стратегијата за нивната употреба, бил во полн ек. Подморничарското војување не било иновативност само по себе. Но, изградбата на нови подморниции и, пред сѐ, нивната употреба од страна на Хитлеровата Германија, претставувало отскочна даска за развој на многу поморски доктрини и пристапи за војување

Уште на почетокот на Втората светска војна, во 1939-тата година, германските бродови, таканаречени У-бродови, набргу станале владетели на Северниот Атлантски Океан. Воено-политичкото раководство на веќе ослабената Велика Британија, која очајно зависела од увозните ресурси, примарно од Соединетите Американски Држави, било во паника и се соочувало со тотално отсекување на виталните ресурсни линии, токму заради неприкосновеното присуство на одличните германски У-бродови. Иако Велика Британија била првата поморска сила во светот и во 1939-та година, располагајќи со најголем број на модерни и софистицирани воени бродови како крстарици, уништувачи, фрегати и корвети, тивкото движење под вода на германските У-бродови предизвикувало вистински проблеми кај супериорните бродови на Кралската Морнарица. Како такви, во првата половина на Втората светска војна, германските У-бродови биле главните виновници за потопувањето на огромен број американски и британски товарни бродови, упатени од северноамериканскиот континент кон пристаништата на западна и северна Велика Британија. Соочувајќи се со нерешлив проблем, воено-политичкото раководство на Велика Британија набргу дошло до соодветен одговор,  а тоа бил одличниот авион „Шорт С25 Сандерленд". Тој била еден од најдобрите противподморнички авиони во Втората светска војна, со способност за изведување на многу различни функции, во зависност од карактерот на борбената операција.

## Дизајн

Во првата половина на 1930-тите години, трансатлантските летови од комерцијален карактер биле мошне популарни и во тренд. Американците

располагале со хидроавионот „Сикорски С-42“, додека германските комерцијални линии се потпирале на одличниот „Дорниер До-10“. Во таканаречената „трка“ од трансатлантски комерцијални авиокомпании, Велика Британија немала соодветен учесник. Набргу потоа британската комерцијална компанија „Империјал аирвејс“ распишала тендер за изработка на хидроавион кој ќе може да лета на многу долги релации, со капацитет од 24 патници, тежина од 18 тони и максимален оперативен дострел од 1100 километри. Компетицијата го родила хидроавионот „Шорт С23 емпаер“, кој се смета за претходник или, подобро кажано, за основоположник на авионот „Шорт С25“ Сандерленд“. Во 1936-та година, високите кадри на Министерството за воено воздухопловство на Велика Британија одлучиле дека компанијата „Шорт“ ги имала сите неопходни истражувања и пристап на работа да создаде воен хидроавион со главна намена за изведување разузнувачки летови на долги релации. Па, така, во месец април 1936-та година, Министерството за воено воздухопловство на Велика Британија нарачло 11 примероци од хидроавионот „С25“. Борбените карактеристики, односно вооружувањето на прототпот на авионот „С25“ се состоело од еден митралез „Викерс К“, сместен во купола лоцирана во носниот дел на авионот, четири митралези „Браунинг“, сместени исто во купола лоцирана во задниот дел на централнта воздухопловна конструкција. По одличните и задоволувачки резултати од летот на прототипот, авионот бил подложен на неколку модификации со цел севкупно подобрување на борбено-летачките каркатеристики. На 21 април 1938 година, првиот ремодифициран и борбено-летачки воздухоплов „С25“ го забалежал својот прв лет. Хидроавионот добил одобрување и позитивни оцени за изведување на оперативни дејства во тропски услови. Како таков, авионот го совладал рекордот за долг лет, летајќи на релација кон Селетар во Сингапур, со пит-стоп во Гибралтар, Малта, Александрија, Бахреин, Карачи, Гвалиор, Калкута и Рангун. Веднаш било забележано дека посадата намената за одржување на воздухопловот „С25“ можела да изврши целосно полнење на резерварот за гориво во период од 20 минути, што за тоа време претставувало одлична временска рамка. Крстаречката брзина на авионот изнесувала 240



километри на час, на надморска висина од 600 метри, што значело дека летајќи на таа висина, со таа брзина, консумацијата на гориво на авионот била 500 литри на еден час, односно овозможувал 18 часа на лет и максимален оперативен дострел, односно максимална километража за летање од 4430 километри. Потребната дистанца на авионот да изврши соодветно полетување била 600 метри. Од гледна точка на дизајнот, авионот бил дефиниран како голем четиримоторен летечки брод, присбособен за воена употреба. Внатрешноста на авионот била поделена на две палуби, од кои на првата биле лоцирани шест кревети, кујна, чекрек и мала механичарска работилница која овозможувала поправки за време на лет. Стандардниот број членови од посадата изнесувал 7, но за одредени мисии, во зависност од природата и потребата, бројот на членови од посадата изнесувал 11, дури некогаш и повеќе. Целосната површина на воздухопловот била изработена од метал, освен површината на подвижните крилца, односно флаповите кои биле изработени од платно. Авионот, исто така, имал иновативни подвижни флапови за слетување кои се придвижувале напред или наназад во зависност од аголот на слетување, со цел да се зголеми површината на крилото, при што се генерирало поголемо потиснување. Поголемото воздушно потиснување одоздола, исто така познато како „лифт“, овозможува поголема стабилност во слетувањето. Релативно дебелите крила на аионот биле израборени со цел да ги сместат четирите „ѕвезда“ мотори „Бристол пегаз 12“,






но шесте резервоари за гориво кои имале капацитет за носивост на гориво од 9200 литри, нешто повеќе од 9 тони. Оваа комбинаторика на резервоари за гориво била подложена и на дополнителна модификација. Авионот „С25“ имал способност и капацитет за вградување на дополнителни четири резервоари на гориво, кои овозможувале максимален капацитет на носивост од 11.600 килограми, односно нешто повеќе од 11 тони. Покрај овие импресивни карактеристики на дизајнот, авионот, исто така бил подложен на многу модификации во сферата на вооружувањето.

Имено, иницијалните каркатеристики подразбирале вооружување од еден топ со калибар од 37 милиметри и максимална носивост од 910 килограми на бомби, мини и, пред сè, експлозиви, специјално наменети за противподморнички мисии. Голем дел од бомбите, мините или експлозивите биле сместени во внатрешноста на централната воздухопловна конструкција. Дефанзивното вооружување на авионот се состоело од четири митралзеи „Браунинг“ со калибар од 7.7 милиметри, сместени во купола лоцирана на опашката на авионот, два митралези „Браунинг“ со калибар од 7.7 милиметри лоцирани позади крилата на авионот, од левата и десната страна на централната воздухопловна конструкција, од два до шест митралези „Браунинг“ со калибар од 7.7 милиметри лоцирани во носниот дел на авионот. Севкупните конфигурации на вооружување достигнувале и до 16 митралези на различните позиции од конструкцијата на воздухопловот „С25“. Сите овие карактеристики направиле овој авион да биде еден од најдобрите хидроавиони. Набргу потоа британските пилоти забележале огромни победи врз германските У-бродови, благодарение на одличните карактеристики на авионот „С25“. Овој авион е еден од најзаслужните за одржувањето во живот на островска Велика Британија.

## Варијанти

Како и сите воени воздухоплови карактеристични за Втората светска војна, „Шорт С25 Сандрленд“ бил подлежен на неколку модификации кои биле во насока на извршување различни дејности, во зависност од потребата на мисијата.

**„Шорт С25 Стерлинг Марк 1“**
Покрај основните карактеристики на моќта на моторот и конфигурација на вооружување, оваа варијанта била опремена и со радар „воздух-земја“. Функционирал на бранова должина од 1.5 метри и бил успешен во детектирање на цели на океан. Биле произведени 75 примероци од оваа варијанта.

**„Шорт С25 Стерлинг Марк 2“**
Во август 1941 година, варијантата на „Шорт С25 Стерлинг Марк 2“ била произведена во 43 примероци. Оваа варијанта била опремена со кутии на муниција кои овозможувале поголем капацитет и ѕвезда-мотори од типот „Бристол пегаз 18“, кои произведувале 1065 коњски сили.

**„Шорт С25 Стерлинг Марк 3“**
Оваа варијанта била дефинитивната. Авионот „С25“ бил произведен во 461 примерок и добил нови митралези „Браунинг“ со поголем калибар од 12.7 милиметри. Оваа варијанта, исто така, била опремена со хидростатички противподморничи мини со тежина од 110 килограми. „Марк 3“ варијантата била и најзаслужна за ловење на голем број германски У-бродови во ноќни услови. Голема заслуга за ловењето на германските подморници било напредното користење на радар и светлосни проектили кои ја осветлувале локацијата на подморницата.

Димитар Даневски

| Главни карактеристики на „Фоке вулф 200 Кондор Ц-3” | |
|---|---|
| **Посада** | Од 9 до 11 |
| **Должина** | 26,01 метри |
| **Распон на крилата** | 34,37 метри |
| **Висина** | 10 метри |
| **Мотор** | Четири ѕвезда-мотори „Бристол пегаз 18“ со по 9 цилиндри, со воздушно ладење, способни да развијат по 1064 коњски сили. |
| **Максимална брзина** | 340 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 2860 километри |
| **Максимална висина на летање** | 5200 метри |
| **Вооружување** | Од 12 до 16 митралези „Браунинг“ со калибар од 7.7 милиметри или 12.7 милиметри;<br><br>Способност за носивост од 900 килограми бомби, мини, противподморнички мини или експлозиви. |







# Грција набавува „Switchblade 300 Block 20“ и „Switchblade 600“ камиказе дронови

На 17 септември 2024 година, Специјалниот постојан комитет за вооружување и договори на Грчкиот парламент за потребите на Грчката армија одобри набавка на 592 единици „Switchblade 300 Block 20“ и „Switchblade 600“ од компанијата „Aero Vironment“ од САД, како дел од десетгодишната поширока иницијатива за зајакнување на одбраната со нови современи оружја. Одлуката на Грција следи по серијата стратешки процени кои започнаа во месец декември 2023 година, кога Генералштабот на националната одбрана на Грција одобри поврзана студија за набавка, надградба и модернизација на воената опрема. Според планираното, вкупните трошоци за оваа набавка треба да изнесуваат 75,2 милиони евра. Поголемиот дел од овие камиказе-крстосувачки дронови ќе бидат распределени помеѓу грчките единици за специјални операции и специјални сили, а помал дел ќе биде доделен на пешадиските единици за оперативно запознавање. „Switchblade 300 Block 20“ е наследник на следната генерација на „Switchblade 300“ и е наменета за уништување на неоклопни возила, меки цели и пешадија. „Switchblade Block 20“, за разлика од првата верзија нуди подобрени оперативни карактеристики, вклучувајќи комплет од електрооптичка и инфрацрвена камера, подолга издржливост и нова контролна единица со екран на допир, која му овозможува на операторот лесно да тренира, да планира и да извршува мисии. Овиј лесен и мал камиказе дрон (со прецизно наведување) може да се распореди за помалку од 2 минути за лансирање од копно, од море или од мобилни платформи, обезбедувајќи поголема флексибилност на мисијата. Обезбедувајќи повеќе од 20 минути тактичко извидување, надзор и аквизиција на целта, „Switchblade 300 Block 20“ обезбедува видео во реално време за употреба против цели надвор од видното поле, а неговиот систем со отворена архитектура му овозможува интерфејс со надворешни C2-системи. Тактичко-технички карктеристики на системот се дострел од 30 km (со антена со продолжен опсег), тежината на дронот изнесува 1,68 kg, додека тежината со вклучена носивост, лансер и транспортна торба изнесува 3.27 kg, крсосувачката брзина на летање изнесува 101 km/h, а брзината на обрушување врз целта 161 km/h. „Switchblade 600“ ја претставува поголемата верзија, со поголем дострел, обезбедувајќи одлична поддршка за тактичко извидување, надзор и аквизиција на целта со високо прецизна електрооптичка и инфрацрвена камера и над 40 минути крстосувачко летање. Поседува боева глава за уништување оклопни возила и утврдени цели на поголеми растојанија и друго. Како преносливо решение Switchblade 600 вклучува сѐ што е потребно за успешно планирање и извршување борбени мисии и може да се постави во функционира за помалку од 10 минути. Дронот може да се лансира од фиксни позиции, борбени возила или од воздух со помош на друго летало. Тактичко-технички карктеристики на системот се следниве: дострел над 40 km, тежина на дронот 15 kg, додека тежината со вклучена носивост, лансер и транспортна торба му изнесува 29.5 kg, крсосувачката брзина на летање му изнесува 113 km/h, а брзината на обрушување врз целта  е 185 km/h.

Ивица Дамески




# Таблетите „первитин“

## Хитлеровите дрогирани војници

Војниците на Рајхот за време на војната консумирале таблети „первитин“ од групата амфетамини, синтетички droги кои го стимулираат централниот нервен систем, го намалуваат заморот и апетитот и ја зголемуваат будноста и чувството на самодоверба и семоќност

Первитин е супстанција која има најмногу заслуги за тактиката „молскавична војна“ и за победите на нацистите во Втората светска војна. Од 1939 до 1943 година, Третиот рајх ја вчудоневидил Европа со тактиката „блицкриг“ на сите борбени фронтови. Оттогаш германската воена ефикасност е лајтмотив на многу историски студии. Ова традиционално се припишува на германската технолошка супериорност и на нејзините иновативни стратегии. И, навистина, сè било точно пресметано, од тежината на огненото оружје до времето на нападот. Вермахтот не оставил ништо на случајноста. Сепак, Третиот рајх имал уште една предност којашто, исто така, треба да се земе предвид, а тоа се таканаречените „лекови за подобрување на перформансите“, познати под името „первитин“, кои се користеле како стратешка алатка за време на Втората светска војна.

Суштинската дрога на модерната индустриска ера, амфетамините, пристигнале релативно доцна во историјата на супстанциите кои го менуваат умот, а биле комерцијализирани токму на време за масовна потрошувачка за време на Втората светска војна од страна на водечките индустриски сили. Таа војна не била само најразорната војна во човечката историја туку и фармаколошки најзасилена, бидејќи веројатно најмногу ја поттикнале легалната, но и недозволената употреба на стимуланси во светски размери. Јапонските, американските и британските сили консумирале големи количества амфетамини, но

Германците биле најентузијастичките корисници на бојното поле, особено за време на почетните фази на војната. Иако нацистите проповедале унапредување на националното здравје, метамфетаминот бил привилегиран исклучок. Додека другите дроги биле забранети, метамфетаминот бил промовиран како чудотворен производ кога се појавил на пазарот во доцните 1930-ти години. Навистина, малото апче било совршена нацистичка дрога. „Германијо, разбуди се!“, заповедале нацистите. Со енергично зајакнување на самодовербата, метамфетаминот играл голема улога во опсесијата на Третиот

рајх со физичката и менталната супериорност. Амфетамините биле земани за хипербудност Ариевците, кои биле олицетворение на човечкото совршенство во нацистичката идеологија, сега можеле дури да се стремат да бидат и натчовечки издржливи, а таквите надлуѓе можеле да се претворат и во супервојници. „Не ни требаат слаби луѓе, изјавил Хитлер, ние ги сакаме само силните!“.

Германскиот хемичар Фридрих Хаусшилд бил свесен за американскиот амфитамин „бензедрин“, уште кога лекот се користел како допинг-производ на Олимписките игри во Берлин во 1936 година. Следната година тој успеал да синтетизира нов метамфетамин додека работел за „Темлер – Верке“, фармацевтска компанија со седиште во Берлин. „Темлер – Верке“ започнале да продаваат метамфетамин под брендот „первитин“ зимата 1937 година. Делумно благодарение на агресивната рекламна кампања на компанијата, таблетата первитин станала многу позната за само неколку месеци. Таблетите биле многу популарни и можеле да се купат без рецепт во аптеките. Можеле да се купат дури и чоколади со метамфетамин. Но, најважната употреба на лекот допрва требала да дојде.

Терминот „метамфетамин“ е изведен од елементите на хемиската структура на ова ново соединение: метил алфа-метил фенил етил амин. Метамфетаминот е психостимуланс од класата на психоактивни лекови фенетиламин и амфетамин.

Доктор Ото Ф. Ранке, директор на Истражувачкиот институт за одбранбена физиологија, имал големи надежи дека первитинот ќе се покаже како поволен на бојното поле. Неговата цел била да се победи непријателот со хемиски подобрени војници, војници кои можеле да понудат воена предност, борејќи се посилно и подолго од нивните противници. Откако го тестирал лекот на група студенти по медицина, Ранке верувал дека первитинот, чии ефекти се слични на ефектите на адреналинот кој го произведува човековото тело, притоа предизвикувајќи зголемена состојба на подготвеност, би можел да му помогне на Вермахот да ја добие војната. Кај повеќето луѓе оваа супстанција ја зголемува самодовербата, концентацијата и подготвеноста на ризик, додека истовремено ја намалува осетливоста на болка, глад, жед, како и потребата за спиење. Медицинските службеници на Вермахтот им го понудиле первитинот на војниците од Третата тенковска дивизија за време на окупацијата на Чехословачка во 1938 година. Но, инвазијата на Полска во септември 1939 година послужила како прв вистински воен тест на лекот на терен. Германија го прегазила својот источен сосед до октомври, со 100.000 полски војници убиени во нападот.

Инвазијата вовела нова форма на индустријализирано војување – „блицкриг“. Оваа „молскавична војна“ ја нагласи брзината и изненадувањето, со невидената брзина на механизираниот напад и напредувањето. Слабата алка во стратегијата на „блицкригот“ биле војниците, кои биле луѓе, а не машини, и како такви страдале од замор. Тие барале редовен одмор и сон, што, се разбира, го забавувал воениот напредок. Токму затоа, се започнало со употреба на первитинот. Тактиката „блицкриг“ произлегла од метамфетаминот. Дури, може да се каже дека „блицкригот“ бил заснован на метамфетамин.

Кон крајот на 1939 година и почетокот на 1940 година, Леонардо Конти, министерот за здравје на Германскиот рајх, го вклучил алармот за ризик од употребата на таблетите первитин, што резултирало со тоа што лекот бил достапен само на рецепт. Но, овие предупредувања во голема мера не биле земани предвид, а новите прописи биле игнорирани. Употребата на лекот продолжила да се зголемува.

Во фабриката „Темлер-Верке“, производството се зголемило, произведувајќи дури 833.000 таблети дневно. Помеѓу април и јули 1940 година, германските војници добиле повеќе од 35 милиони таблети метамфетамин. Лекот дури им се издавал и на пилотите и на екипажот на тенкови во форма на чоколади. Армиите долго време консумирале различни психоактивни супстанции, но ова била прва голема употреба на синтетичка дрога за подобрување на перформансите на војниците. Деведесет проценти од нацистичката војска морале да маршираат пеш, и дење и ноќе. Затоа, многу поважно било да продолжат да се борат за време на „блицкригот“, отколку добро да спијат. Тоа била една од тајните на „блицкригот“. „Блицкригот“ зависел од брзината, немилосрдно притискајќи напред со тенковски трупи, дење и ноќе. Во април 1940 година, брзо довел до пад на Данска и на Норвешка. Следниот месец трупите се префрлиле во Холандија, и во Белгија, и конечно во Франција. Германските тенкови поминале стотици километри предизвикувачки терен, вклучувајќи ја и шумата Ардени, а за 11 дена, ја ги заобиколиле британските и француските сили кои погрешно претпоставувале дека Ардените се непроодни. Сепак, первитинот, покрај неверојатните делувања, очигледно донел и несакани ефекти. Навистина, раните извештаи пронајдени во архивите ги спомнуваат негативните ефекти, како што се исцрпеност, болка во срцето и проблеми со циркулацијата. Во услови на растечка загриженост за потенцијалот за зависност и негативните несакани ефекти од прекумерната употреба на лекот, германската војска почнала да ги намалува доделените распределби на метамфетамини до крајот на 1940 година. Потрошувачката нагло опаднала во 1941 и 1942 година, кога медицинските авторитети формално признале дека амфетамините предизвикуваат зависност. Сепак, лекот продолжил да се издава и на Западниот и на Источниот фронт. Производителот на таблетите, „Темлерб – Венке“, останал профитабилен, и покрај зголемената свест за негативните здравствени ефекти. И покрај обидите за ограничена употреба на первитинот, не можело да се стори ништо за да се спречат злоупотребите.

Ситуацијата ескалирала со текот на годините и војниците сè повеќе умирале од срцева слабост или се самоубивале. Оттука, тајното „оружје“ на Германија, кое му овозможило на Вермахтот да напредува во првите години од војната, им се вратило назад на Германците како буберанг и, всушност, сето ова довело до тоа да овие таблети бидат една од причините за падот на Третиот рајх.

Александар Стојчевски





# Повеќецевен ракетен систем PULS

Повеќецевниот ракетен систем PULS се употребува во израелската армија и во останати земји. По преземањето на дел од израелската воена индустрија од „ELBIT Systems“ во 2018 година, развиена е и надградена модернизирана верзија на системот „Lynx“, а крајниот производ е повеќецевниот ракетен систем PULS . Израел за првпат го воведува повеќецевниот ракетен систем PULS во израелската армија во 2020 година под името „Lahav“. Системот за првпат е употребен во февруари 2024 година, за време на војната помеѓу Израел и Хамас. Самиот систем е дизајниран да може

> Повеќецевниот ракетен систем PULS (Precise & Universal Launching System), претходно познат како Lynx MRL е систем, кој е развиен и произведен во „ELBIT Systems“

да носи различен тип на ракети во два посебни лансирни контејнери: 36 (2 лансирни контејнери x 18 ракети ), 122 mm ракети GRAD, 26 (2x13) 160 mm LAR-160 или ACCULAR ракети, 8 (2x4) 306 mm ракети EXTRA, 2 (2x1) 330 mm „Delilah“ проектили или 4 (2x2) 370 mm „Predator Hawk“, тактички балистички проектили.

Повеќецевниот ракетен систем PULS може да носи и да лансира SkyStriker-муниција, која во текот на летот ја менува траекторијата на движење, чекајќи да ја погоди целта, нешто што претставува реткост помеѓу повеќецевните ракетни системи.

Во зависност од оперативните побарувања на земјите кои се потенцијални купувачи, системот може да се монтира на возила од типовите „мерцедес“, „Tatra T815 6×6“, „Scania Gryphus 8x8“, „Tatra, KamAZ-6350 8×8“, I„veco Trakker FSA 8×8“ и на останати видови возила.

Славчо Кузманоски

| РАКЕТА/ ПРОЕКТИЛ | КАЛИБАР | ТЕЖИНА | МАКСИМАЛНА КОЛИЧИНА | НАВЕДУВАЊЕ | ДОСТРЕЛ | ПРЕЦИЗНОСТ | БОЕВА ГЛАВА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| GRAD | 122mm | 66kg | 18 во контејнер, 32 на возило | / | 40km | Недостапно од отворени извори | 20kg |
| LAR160 | 160mm | 110kg | 13 во контејнер, 26 на возило | / | 45km | Недостапно од отворени извори | 46kg |
| Accular 122 | 122mm | 72kg | 18 во контејнер, 32 на возило | GPS/INS | 35km | 10m | 20kg |
| Accular 160 | 160mm | Недостапно од отворени извори | 13 во контејнер, 26 на возило | GPS/INS | 40km | 10m | 35kg |
| SkyStriker UAV | Недостапно од отворени извори | Недостапно од отворени извори | 6 во контејнер, 12 на возило | CCD/IR и GPS/INS | 100+km | 1m | 5-10kg |
| EXTRA | 306mm | 570kg | 4 во контејнер, 8 на возило | GPS/INS | 150km | 10m | 120kg |
| Delilah | 330mm | 187kg | 2 во контејнер, 4 на возило | CCD/IR и GPS/INS | 250km | 1m | 30kg |
| Predator Hawk | 370mm | 800kg | 2 во контејнер, 4 на возило | GPS/INS | 300km | 10m | 160kg |

# „Интерфест фуд 24“

Дека хуманоста не познава граници, потврди и одржувањето на 15-тиот „Интерфест  фуд 24“, под покровителство на Хуманитарната организација „Ангелчиња“ од Скопје на 12.10.2024 година во трговскиот центар „Веро“ во Скопје. Манифестацијата беше



од натпреварувачки и едукативен карактер. На изложбениот и репрезентативен простор, беше претставена традиционалната кујна и беа промовирани туристичките убавини на нашиот град, но и убавините на градовите на гостите од други држави. Присутните гости овој ден го поминаа прекрасно, вкусувајќи и дел од приготвената храна. Програмата беше збогатена со уметнички точки на повеќе културно-уметнички друштва, меѓу кои и Танцовото студио „Еурека“. Манифестацијата беше организирана во два дела: ревијален и официјален. Во ревијалниот дел, учесниците се натпреваруваа во четири категории: ревијални торти, пица-шампионат, приготвување војнички грав во котел и презентација на ресторани на тема „Локално, а модерно“. Натпреварувачите од Р.С.Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, и оваа година придонесоа за традиционалната и културна шареноликост на настанот. На покана од организаторот, настанот беше помогнат од страна на  Армијата на Република Северна Македонија, со подготовка на познатото војничко гравче, кои имаа можност да го вкусат и присутните гости, од коишто слушнавме само позитивни и задоволни коментари. Во официјалниот дел за избор и прогласување на победниците од натпреварите, во комисијата беше вклучен и претставник од Армијата. Особено внимание на настанот привлече магазинот на Министерството за одбрана, „Штит“, кој имаа можност да го добијат посетителите, а посебно внимание привлече кај децата, кои имаа можност за запознавање со активностите и работата на Армијата. За поддршката и придонесот за успешната реализација на настанот, од страна на претседателите на Хуманитарната организација „Ангелчиња“ од Скопје, на Армијата на Р.С. Македонија, на Генералштабот и на Баталјонот за логистичка поддршка, им беше доделена „Златна повелба“. По завршување на манифестацијата, приготвената храна, како и изложените торти, беа подарени на хуманитарното здружение „Свети Спас“ од Скопје, коешто ќе ги подели на семејства од социјално-ранливи категории. Многу сум среќна што како припадник на Армијата имав можност да бидам дел од организацијата и реализацијата на овој голем и несекојдневен настан, реализиран со многу вложување љубов и поддршка, со цел да биде остварена хуманата мисија на оваа манифестација.

Е.Т.

# Јубилеен 20-ти Скопски маратон „Виз ер“

На 6 октомври, по 20-ти пат се одржа јубилејното издание на Скопскиот маратон „Виз ер“. Манифестацијата ги надмина очекуваните бројки на пријавени учесници од над 55 земји, со рекордни 13.400 натпреварувачи, а се трчаше во дисиплините маратон, полумаратон, штафетен маратон и трка на 5 км. Овојпат Скопскиот маратон беше уникатен по тоа што се одржа регионален CISM-маратон и полумаратон под мотото „Пријателство преку спорт.“ Земји учеснички кои ја прифатија поканата за учество на Маратонот беа: Р. Бугарија, Р. Романија, Црна Гора, Р. Србија, Кралството Холандија, Р. Словенија и Босна и Херцеговина. Отворањето на регионалниот CISM-маратон и полумаратон 2024 година, под покровителство на Советот на воени спортови, се одржа во просториите на Домот на Армијата, во присуство на министерот за одбрана Владо Мисајловки и на НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски. Треба да се истакне дека организацискиот тим, кој работеше и беше вклучен во овој голем проект, а воедно, еден дел од организацискиот тим на Маратонот (атлетичари), беа и учесници на самиот настан, успеа за кусо време достојно да се претстави, пред сè, како домаќин, да ги прифати, да ги смести и да ги испрати задоволните натпреварувачи, кои не го криеја задоволството од убавината на нашата земја, од вкусната храна, како и  од организацијата на настанот. Овој пробен тест успешно го положивме и посакуваме и во иднина повторно во улога на домаќини да приредиме еден ваков одличен атлетски настан за паметење по примерот на светските метрополи. Маратонот заврши според следниов редослед: први беа Р. Романија, втори Кралството Холандија, додека екипата на Р. Бугарија беа третопласирани. Сите резултати може да се видат на страницата Tag timing. mk, додека на официјалната веб-страница на Скопски маратон може да се погледне импресивната фотогалерија и тоа со каква енергија „пулсираше“ нашиот главен град тој ден.

З.Ц/М.П







фото збирка: Ѓ. Чачкиров

# Планерот „Дрвен ѓавол“

Планерот со оригинално име „Hol`s der Taufel“, на македонскиот простор бил познат како „Дрвен ѓавол“, летало коешто ги одбележало првите скопски летови после Втората светска војна, исто како и оние почетнички планери од 1936 година. Помалку е чудно што овој планер не бил присутен на македонските простори помеѓу двете светски војни. Но, сепак, реалноста ја „плете мрежата“ на вистинската историја

Според сеќавањата на некогашните македонски едриличарски доајени, овој планер за првпат бил изграден на просторот на Словенија, во некогашна Кралска Југославија. Во нејзиниот состав влегувала и Социјалистичка Република Македонија, како и останатите републики од југословенската федерација. Со формирањето на едриличарска група во Ужице (С.Р. Србија), а во исто време и Едриличарскиот летачки центар на Златибор, се пренело и искуството за изградба и летање на планерот, именуван како „Дрвен/летачки ѓавол“. Всушност, основата за распространетоста и изградбата на овој планер произлегувала од слободниот пристап до неговите оригинални планови.

Според некои податоци, приказната за овој планер започнала уште во 1923 г., врз основа на претходно изградените германски планери. Притоа се наведува дека оваа верзија на „Холс дер Теуфел“ е создадена во текот на 1927 г., како конструкција на германските едриличарски ентузијасти Александер Липишч (Aleksander Lippisch), како носител на проектот, заедно со соработниците Ханс Јакопс (Hans Jacobs) и Александер Шлејчер (Alexander Schleicher).

Истата таа година планерот почнал официјално да се произведува од Александер Шлејчер во неговата сопствена фабрика. Таму, всушност, и го добила ова препознатливо име. Покрај производството, Ханс Јакобс во својата книга за градење планери, издадена во 1932 г., објавил и планови за самоизградба на планерот, односно индивидуална изработка во клубови, секции, групи и слично. Така, изградбата на овој тип планер-едрилица се проширила во повеќе европски земји. Ваквите книги и планови стигнале и во скопскиот аероклуб, а со помош на тие планови започнала изградбата на првите повоени планери на македонскиот простор. Почетокот датира уште од првите месеци на 1945 година. Програмата за изработка на „Дрвениот ѓавол“ ја раководел Љ. Тевчев, којшто пред војната се стекнал со звање контролор на изградба на едрилици. Паралелно се изработувале два планери од овој тип. Материјалот за нивната изработка, всушност, бил скриениот дрвен материјал за време на војната, како и делови од уништените предвоени планери. Притоа, голема поддршка била добиена и од воената воздухопловна работилница во Скопје. Исто како и за претходните планери од тоа време, и за изработката на овој планер бил користен комбиниран материјал од дрво и ткаенина, со елементарна употреба на клучни делови изработени од метал.

Трупот на планерот бил конструктивно изведен во два поврзани делови. Предниот, просторен дел, којшто ја оформувал отворената пилотска кабина со едно седиште, бил изграден со дрвени рамки – ребра, во форма

на  издолжени шестоаголници. Истите биле меѓусебно поврзани со надолжни гредички. На крајот, пилотската кабина била затворена со дрвена лепенка, шпер-плоча. Над неа, парасолно (високо кренато) било прицврстено крилото. Стеснувањето на задниот затворен дел на пилотската кабина завршувало во иста рамнина со излезниот (заден) раб на крилото. Оттаму, трупот продолжувал со две вградени греди, горе и долу, меѓусебно поврзани со решетки.  Подвозот, односно уредот за полетување и слетување, бил оформен со дрвена „скија“ и еластична поткрепа на задниот дел. Помеѓу трупот и полетувачко-слетувачката скија биле поставени прстени од цврста гума, кои имале улога на амортизери.
Главниот аеродинамички носечки дел, односно крилото, било изработено од мошне едноставна конструкција, којашто имала правоаголна форма со соодветно заоблени краеви. Предниот, нападен дел на крилото, бил оформен со ударен раб од полно дрво, зајакнат со дрвена лепенка (шпер-плоча), којашто се простирала до првата раменица. Заради зголемување на цврстината на свиткување, крилото имало две раменици. Тоа биле средишни греди, поставени по должината на крилото, кои ги поврзувале ребрата.  Долниот дел на крилото бил рамен, а горната страна била аеродинамички профилирана. Излезниот, задниот дел на крилото, бил изработен од полно дрво, а целото крило било обвиткано со импрегнирана ленена ткаенина. Целото крило било конструктивно кренато над трупот, на т.н. парасол и поврзано со по две коси дрвени потпори, од двете страни на трупот на планерот.
Хоризонталниот и вертикалниот стабилизатор стандардно  биле дводелни, со подвижен и неподвижен дел и конструктивно биле изработени од дрвена решетка, обвиткани со импрегнирана ткаенина. Предниот, фиксиран дел на вертикалниот стабилизатор, всушност претставувал своевиден завршеток на трупот, што ги спојувал двете носечки греди. Хоризонталниот стабилизатор бил прицврстен на горната носечка греда на трупот, а бил и дополнително зацврстен со коси потпори и од двете страни на планерот. Сите делови на овој планер биле и дополнително меѓусебно зацврстени со помош на плетени челични јажиња, симетрично поставени од левата и од десната страна на основната градбена конструкција.
Популарниот планер „Дрвен ѓавол“, според своите димензии и летачки карактеристики, не се разликувал многу од останатите тогашни планери. Неговата должина изнесувала 6,45 м, најголемата височина во хоризонтална положба била 2,15 м, распонот на крилото изнесувал 12,7 м, а неговата вкупна површина изнесувала 20,21 м2. Сопствената маса му била 95 кг, а максималната маса при полетувањето изнесувала 170 килограми. Со овие димензии и тежини, планерот можел да развие максимална дозволена брзина на летање од 110 км/час, а нормалната, оптимална брзина при летањето, изнесувала околу 50 до 55 км на час.
Овој летачки планер, изработен во два примероци, бил првиот протагонист на новото воздухопловно едриличарство во тогашна Народна Република Македонија. Сепак, планерот не оставил некои подлабоки траги во записите и сеќавањата на пионерите, но и кај современиците на новото повоено македонското воздухопловно едриличарство. Планерите биле изградени со голем елан и  мошне брзо но, исто толку брзо биле и разградени или ставени надвор од употреба.
Планерот „Летачкиот ѓавол“ заминал во историјата, но неговото име остана запишано во мојот аеродневник како прв планер-едрилица изграден во Скопје, на ослободена македонска територија, во состав на тогашната југословенска федерација.

Ѓорги Чачкиров



Планер „Дрвен ѓавол“


фото збирка: Ѓ. Чачкиров




# Музеј-носач на авиони „USS Hornet“

Четвртиот носач на авиони, кој војската на САД го пренамени во музеј, е носачот на авиони „USS Hornet“. Овој носач на авиони е сместен во марината на поранешната воздухопловно-поморска база „Аламеда“ во Аламеда, Сан Франциско – Калифорнија. Неговата поставеност во градот Сан Франциско, го прави атрактивно место за посета

Музејот-носач на авиони „USS Hornet“, после неговото повлекување од активна служба во 1970 година, е ослободен од доверливата технологија и во октомври 1998 година, истиот е отворен како музеј. Како главен говорник за време на отворањето на овој музеј бил еден од астронаутите на „Аполо 11“, Баз Олдрин. Музејот-носач на авиони „USS Hornet“ има три сегменти во кои се изложени експонатите. Главниот влез во музејот ве внесува директно во хангарот под палубата. На главната летна палуба има изложено само два воздухоплови, и тоа противподморничкиот „S-3B Viking“, кој честопати се користи и за пребарување на теренот. Другиот авион, којшто е прикажан на палубата, е тренажниот „T-28B Trojan“. Покрај самите воздухоплови на овој дел од музејот е прикажан и системот за лансирање на авионите. Во овој дел е сметен и командниот мост кој, исто така, посетителите може да го посетат. Делови од мостот кои се дозволени за посета се командната соба за контрола на слетувањата, навигациската соба и управувачката просторија.

Во хангарот под палубата се сметени поголемиот дел од 12-те воздухоплови кои се изложени во овој музеј: „FJ-2 Fury“, „TA-4J Skyhawk“,„F8U-1 Crusader“, „F-14A Tomcat“,„F-11 Tiger“, „TBM-3E

Avenger“, „US-2B Tracker“, „F-8 Crusader“, „F-4J Phantom II“, „FM-2 WILDCAT“ и хеликоптерите „HUP-1 Retriever“, „SH-2 Seasprite“, „SH-3H SeaKing“ и „UH-34D Seahorse“. Овој дел од музејот, всушност, е и најголемиот дел, каде што се изложени најголем дел од артефактите. Во еден дел од оваа поставка е прикажан преглед на севкупно срушените непријателски авиони од авиони кои полетале од носачот во текот на Втората светска војна. Покрај авионите „FM-2 WILDCAT“ се поставени макети од техничкиот персонал, со цел да се добие визуелен впечаток колкави се самите летала. Во оваа поставка е истакната и другата улога што ја имал овој носач на авиони во текот на својата служба, а тоа е асистенција и собирање на персонал кои ги завршиле астронаутските мисии. Посадата на овој носач ги има извлечено лунарните капсули на „Аполо 11“ и „Аполо 12“, како и ЛЕМ-модулот на корпорацијата „Груман“. Покрај изложените воздухоплови, има изложено и дополнителна опрема, која е во непосредна врска со овие воздухоплови, како што се седишта, вооружување, униформа, опрема за преживување и така натаму. Посетителите може да влезат во овој дел од авионот, а воедно може да седнат и во симулаторот за летање кој се наоѓа во овој дел на музејот.

На втората платформа посетителите може да ги видат просториите каде што се сместени помошниот генератор за итни случаи, просторите за сместување на подофицерите, како и просторијата за нивното обедување, религиозните објекти, библиотеката и работилницата за торпеда. Покрај овие елементи, во овој дел, исто така, се претставени амбулантата, поштата, поставка за историјата на носачот „Хорнет“, собата за готовност на пилотите и друго. На третата платформа се прикажани просториите за сместување на војниците, како и просториите за нивното обедување, моторното одделение, собата за противпожарна заштита, просторијата за притвор, просторијата за катапулт-системот и други простории.

Низ целиот музеј, како дополнување на поставените информативни табли, може да наидете на пензионирани припадници на морнарицата на САД кои служеле на истиот носач. Во склоп на Музејот има продавница за сувенири и бар за пијалоци и за лесна храна. Самиот музеј честопати се користи за социјални активности. Еднаш годишно, во Музејот се организира конвенција за видеоигри, анимации итн. Самиот музеј, покрај тоа што може да биде изнајмен за организирање на приватни настани, честопати е и место каде што се одржуваат воени културни активности како, на пример, промоции, воени церемонии и останати настани.

Цената на влезницата за овој музеј варира во зависност од категориите на посетителите, така што за возрасните посетители цената на билетот е 25 долари, за воени лица, студенти и постари лица влезницата изнесува 15 долари, додека за лица под 6 години и членови на Музејот, влезот е бесплатен. Работното време на музејот е од 10.00 часот до 17.00 часот, и тоа само во деновите петок, сабота, недела и понеделник, а останатите денови, како и за време на празници, Музејот е затворен. Иако станува збор за музеј кој воедно е и носач на авиони, истиот е достапен и за посетители со инвалидитет т.е. за лица со инвалидска количка.

Музејот е мошне интересен, богат со различни поставки, со еден збор – уникатен. За да го прошетате и да го разгледате целиот музеј, потребни се повеќе од три часа но, со сигурност, времето поминато во разгледување на овој музеј нема да биде залудно.

Златко Блажески





## Подготвително гаѓање со АП 7,62 мм

Гаѓањата со пешадиско оружје на резервните офицери и подофицери претставуваат приоритетни содржини во програмите за обука на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ). На овој начин членовите на Организацијата ги усовршуваат



вештините во ракување и употреба на пешадиското оружје. Во тој контекст, на 28 септември 2024 година, врз основа на Програмата за работа на ОРОРСМ и Програмата за обука на членовите на Организацијата, а во согласност со Упатството за гаѓање со пешадиско оружје, на стрелиштето на Армијата „Краста“, во близина на село Пчиња, Кумановско, се реализираше подготвително гаѓање со АП 7,62 мм на реден број 1. На гаѓањето учествуваа 85 членови на Организацијата, од кои 76 извршители (резервни офицери и подофицери) од ООЕ на ОРОРСМ од Источниот и Повардарскиот регион и од Градската организациона единица Скопје. Поздравно обраќање до учесниците имаше претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, кој им посака успешно и безбедно реализирање на гаѓањето и добри резултати и притоа изрази благодарност до Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата за нивната логистичка поддршка во реализацијата на ваквите практични содржини. Учесниците беа поздравени и од претседателот на Општинската организациона единица Куманово, Благојчо Илиевки кој, исто така, им посака успешно реализирање на активноста и со себе да понесат убави спомени од овој ден.
Раководител на гаѓањето беше потпоручник Кристина Златевска, која учесниците на гаѓањето ги запозна со мерките на безбедност и со условите за извршување на гаѓањето, додека помошникот-раководител на гаѓањето, поручник Јован Младеновски, изврши објаснување за правилно гаѓање, како еден од условите за остварување на добри резултати. Гаѓањето санитетски беше покриено наредникот Бобан Стошевски, кој е и лекар. На гаѓањето беа остварени одлични резултати, од 76 извршители, приближно две третини, односно 51, беа оценети со „надминал стандард“, додека 25 извршители, или една третина, беа оценети со „поминале“.

## Кондиционо-едукативен марш

Според Програмата за работа и обука на ООЕ на ОРОРСМ од Струмица за 2024 година, на 5 октомври во чест на 11 Октомври – Денот на Народното востание, се одржа кондиционо-едукативен марш со преку 50 учесници во организација на претседателот на ИО на ООЕ на Струмица, Кирил Партенов и претставникот во Собранието на ОРОРСМ од Струмица, Пецо Фончев, на кој присуствуваа и претставници на ООЕ на ОРОРСМ: Виница, Кочани, Берово – Пехчево, Радовиш и претставници на Боречката организација. Овој марш беше од регионален карактер и се изведе под падините на планината Беласица. Зборното место беше пред противпожарната станица во Струмица, од каде со автобус се замина за Колешино. Претседателот на ООЕ на ОРОРСМ од Струмица, Кирил Партенов, ги поздрави присутните и им посака добредојде, убаво дружење и ги запозна со текот на одвивање на секоја етапа поединечно. Учесниците на маршот беа позравени и од претседателот на Органзацијата на резервни офицери, д-р Гоце Георгиев кој, исто така, им посака добредојде и им се заблагодари за одвоеното време, за успешната реализација на оваа активност и,  пред сѐ, за тоа да може да уживаат



во убавата природа со која изобилува овој крај. Пред почетокот на маршот, Ѓорѓи Бонев имаше излагање на тема „Македонија за време на Илинденското востание", а потоа се реализираше маршот до Колешинските Водопади.

## Традиционален марш

На 22 септември, во организација на ООЕ на ОРОРСМ Берово – Пехчево, предводена од претседателот на Извршниот одбор, Васе Пиличовски и ПСК Сосна од Берово, се реализираше заедничкиот традиционален марш на планината Огражден во должина од 14 километри. Пред почетокот на маршот учесниците ги поздрави претседателот на ИО Берово – Пехчево, Васе Пиличовски. Претседателот Пиличовски, воедно ги информираше присутните и за текот на етапното одвивање на маршот и им посочи на предизвиците со кои ќе се



соочат за време на изведувањето на истиот. Маршот се одвиваше по терен кој изискува поголем психофизички напор, но и покрај тоа сите учесници безбедно и успешно стигнаа на крајната цел.
Маршот се реализираше на правецот: комплекс Бела Вода – врвот Огражден висок 1746 метри – месност Преведена – село Двориште. Во селото Двориште, во црквата „Пресвета Богородица“, беше организиран заеднички ручек за 100-те учесници на маршот.

Тони Мицевски



# Народниот херој Рампо Левков-Левката

Рампо Левков-Левката е роден во Прилеп, на 9 јануари 1909 година, а загинал во Дабница, Прилепско, на 19 септември 1942 година. Тој е македонски комунист, учесник во НОВ и народен херој

## Животниот пат на Рампо Левков-Левката

Рампо Левков е роден во 1909 година во Прилепско. Дедо му држел кафеџилница и берберница, а татко му имал грнчарска работилница во Прилеп. Основното образование и гимназијата ги завршил во Прилеп, а во 1929 година се запишал на Правниот факултет во Белград, како вонреден студент. И покрај материјалните потешкотии, тој го завршил Факултетот за пет години. Во 1935 година заминал на отслужување на воениот рок во Ваљево, а откако се вратил во Прилеп, волонтирал во прилепскиот суд. Планирал да се кандидира за претседател на Општината, но според законските прописи, не исполнувал услов за старост, односно, имал под 30 години. Сепак, Рампо Левков зел активно учество во составувањето на списокот на кандидати од граѓанската независна листа и активно им помагал на сограѓаните во составување на жалби, молби и тужби. Пред денот на гласањето, полицијата ги уапсила и него и Трајко Бошковски-Тарцанот. После изборите полицијата честопати му упаѓала дома, барајќи причини за да го уапси. Во 1940 година, Рампо Левков бил испратен во Ужице, во неофицијален логор за сомнителни. Таму ја дочекал и капитулацијата на Југославија, по што се вратил дома.

## Учеството во Народноослободителната војна

Поради својот револуционерен дух, Рампо Левков честопати бил затворан. Од есента 1941 година, живеел и дејствувал полуилегално и со голем успех работел на омасовувањето на вооруженото востание на македонскиот народ. Во меѓувреме полагал адвокатски испит, а Месниот комитет на Комунистичката партија сметал дека тој ќе биде од полза доколку отвори своја, самостојна адвокатска канцеларија, која би се користела за курирски врски со селата и со партизанскиот одред. Така, всушност, и се случило. Во декември 1941 година, Пенко Здравковски, кој бил раководител на партиската ќелија во која членувал Левката, побарал од него да напише нешто во стихови. Тогаш Рампо Левков ја составил баладата од 170 стиха, „Бабуна“, која наредниот ден била испечатена во повеќе примероци и поделена меѓу народот. Во мајскиот број на „Народен глас“, во 1942 година, песната била ставена на насловната страница.
На 14 септември 1942 година, после разбивањето на партизанскиот одред на планината Мукос, бугарската војска го уапсила Рампо Левката, заедно со уште дваесетмина.
После долго мачење од страна на бугарскиот окупатор, кај селото Дабница, Прилепско, на 19 септември 1942 година, биле застрелани осумнаесет борци. Овој масакр е познат и под името Дабнички масакр.
Рампо Левков-Левката е прогласен за народен херој на 11 октомври 1951 година. Во негова чест, едно основно училиште во Прилеп со гордост го носи неговото име – ООУ „Рампо Левков“
Името на Рампо Левков-Левката е испишано со златни букви во македонската историја и претставува светол патоказ за сегашните и идни генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска



# Георгиј Жуков – генералот на победата

Георгиј Жуков е еден од најпознатите воени лидери. Тој, својот најголем печат во историјата го остави за време на Втората светска војна. Жуков е личност којашто за време на својот живот успеал од сиромашно дете од еден град во провинција во Русија да биде поставен за министер за одбрана на СССР. Ваквиот резултат на овој воен лидер е доказ за неговите лидерски способности и за неговата стратегиска брилијантност

Георгиј Константинович Жуков е роден на 1 декември 1896 година во градот Стрелковка во западна Русија. Почетоците на своето образование ги стекнал во својот роден град, за потоа да замине за Москва каде што го изучувал кожарскиот занает и во 1914 година основал своја работилница за кожа. Својата војничка кариера Жуков ја започнал во 1915 година, кога бил регрутиран во руската војска и започнал да служи како редовен војник. Во 1916 година завршил коњанички курс и курс за подофицери. За време на Првата светска војна, во битката во близина на Краков, Жуков бил ранет. Поради покажаната храброст во текот на војната, на Георгиј Жуков, два пати му е доделен орденот „Крст на Свети Ѓоргија“. Во 1923 година е поставен за командант на полк, а во 1930 година за командант на бригада. Жуков е учесник и во Руската граѓанската војна (1918 – 1920). Во оваа војна дошле до израз неговите лидерски способности и одличното познавање на тактиката. Во текот на реализацијата на операциите бил препознаен неговиот лидерски стил на нагласена дисциплина, детаљно планирање и агресивен маневар. Воедно, Жуков бил голем поборник за реформи во тогашната руска армија, особено кај оклопните единици, за кои тој сметал дека ќе бидат значајни за идните воени дејства. Периодот помеѓу двете светски војни Жуков го искористил за лична едукативна надградба, што во идниот период ќе се покаже дека е од пресудно значење. Во текот на Втората светска војна способностите на Жуков ќе бидат ставени на тест, особено во одредени критични битки. Секогаш е поставуван на најкритичните места на Советско-германскиот фронт. Моментот кога германските сили во месец јуни 1941 г. ја започнуваат операцијата „Барбароса“, Жуков е одреден за запирање на германското напредување. Потоа бил испратен во Ленинград каде до есента истата година го запира германското напредување. Една од позначајните битки во кои се истакнува овој воен лидер е битката за Сталинград во која Жуков е еден од креаторите на одбраната на овој град, а подоцна игра значајна улога во заобиколувањето и уништувањето на германската 6. армија. Оваа битка го означи пресвртот на германските сили во Втората светска војна. Жуков, заедно со Василевски се главните планери и носители на руската победа во познатата тенковска битка кај Курск. Воедно се и носители на последователната руска офанзива. Во оваа битка до израз идат познавањата и искуствата кои Жуков ги имал за употребата на оклопните единици, како и предностите кои ги нудат истите.
Со оглед на покажаните резултати и успеси во текот на војната и поради големата доверба што му ја укажал Јосиф Сталин, заземањето на Берлин од страна на руските сили му било доверено токму на маршалот Георгиј Жуков. Значењето коешто го има овој воен лидер во текот на војната, го

покажува и податокот дека тој е еден од претставниците на сојузничките сили кои го примија потпишаното безусловно предавање на нацистичка Германија.
По завршувањето на Втората светска војна, Жуков е поставен за командант на Советската окупациска зона во Берлин, а воедно бил одговорен и за Парадата на победата, која се одржала во Москва 1945 година. Во периодот од февруари 1955 до октомври 1957 година, Георгиј Жуков ја извршувал функцијата министер за одбрана на Советскиот Сојуз. Поради одредени политички несогласувања неговата кариера бележи пад, но никогаш не ја загубил популарноста кај населението и кај војската. Маршалот Жуков починал во Москва на 18 јуни 1974 година од мозочен удар. Жуков е погребан со највисоки воени почести и неговата пепел е поставена во Кремљ, покрај останатите советски воени лидери.
Во текот на својата војничка кариера Георгиј Жуков е одликуван со неколку одличја: „Крстот на Свети Ѓорѓија“, „Херој на Советскиот Сојуз“, „Орден на Ленин“, „Орден на победата“, „Орден на Октомвриската револуција“, „Орден на црвеното знаме“, „Орден на Суворов“ и други ордени. Жуков е носител на медали и ордени и од други држави, меѓу кои се и југословенскиот „Орден на слободата“, американскиот „Легија за заслуги“, францускиот „Легија на честа“ и многу други.. Мемоарите на Жуков „Спомени и размислувања“ се објавени во 1969 година и станале едни од најпродаваните книги. Во чест на Георгиј Жуков, неговиот роден град е именуван во негова чест и, исто така, поставен е и музеј во градот. Руската Федерација, дури, го има усвоено и го доделува орденот „Жуков“ и обележјето „Жуков“. Неговиот лик се наоѓа и на позадината на монетите од една рубља.
Називот „генерал на победата“, кој го носи овој воен лидер, го има стекнато за време на Втората светска војна. Помеѓу советскиот народ и војниците се коментирало вака: „Каде што е Жуков – таму е и победата“. Иновативната тактика, посветеноста во работата, исклучителното лидерство, решителноста, способноста симултано да раководи со повеќе фронтови, не само што оставиле неизбришлива трага на текот на Втората светска војна, туку и во воената стратегија воопшто. Особена карактеристика која го опишува овој лидер е неговата способност за одбранбени дејства и за исцрпување на непријателските ресурси. Сите овие епитети направиле Георгиј Жуков да биде еден од најзначајните лидери на 20 век.

Златко Блажески




# Водство или coaching –– современ облик на едукација

Еден од современите облици на обука и тренинг претставува coaching, или во превод водство. Водството е наменето, пред сè, за лидери и тимови на кои им е потребен сложен и модерен систем на тренинг, обука и разговор со стручни лица кои имаат повеќестрана улога: објективни набљудувачи, пријатели, ментори. „Коучинг“ е модерен пристап за доусовршување, претставува систематски концепт на обука со која стручните лица работат со лидерот, којшто воедно е комуниколог, психолог и предавач на вештини (на пример глас, движење, говор, креативно пишување и друго). Но, многу е важно да се направи разлика помеѓу улогата на псилохот и терапевтот во тимот кој работи со луѓето во рамките на одреден план, во однос на лидерот на обуката и предавачот. Овие улоги никако не треба да се поистоветат, бидејќи водството и следењето се привилегија. Професијата коучинг (водство) е потполно легитимна, но сè уште не е доволно развиена. Посебен тип на учење претставува поставувањето и презентацијата на проектот, а значајна е улогата и на менторот, којшто е задолжен за следење, контрола и евалуација на проектот. Менторот може многу да помогне за обликувањето на личниот стил и планирањето на кариерата на поединците. Профилот на менторот е сличен како и на коучингот, но му припаѓа на традиционалниот облик и начин на водство. Поточно речено, менторот е на ниво на советник кој има активна улога, кој реагира на грешките, ги отстранува, го пренасочува неуспехот во комуникацијата и придонесува за подобрување на однесувањето. Денес е многу важно постоење на советник (коучинг), којшто ќе ги набљудува акциите на лидерите и на менаџментот, ќе моделира и на некој начин ќе управува. Поимот „коучинг“ за прв пат се појавил во Англија уште во 16 век, но тогаш тоа се однесувало на грижата за транспорт од едно на друго место, односно овде се мисли на стока и на луѓе. Во 19 век веќе се смета дека е некој вид на туторство за помош при решавање на одредени проблеми, за во 20 век да стане профил на водство, односно „коуч“, кој се занимава со пренесување на професионални вештини и менаџмент. Денес тоа означува придонесување за поквалитетно работење и успешно водење бизнис.
Со коучингот како обука, а скромно го има веќе и кај нас, се добива лично усовршување на институцијата, теоретска придобивка, специфичност на практичната обука, извршување на различни задачи и развој на вештините и способностите за извршување на работите.
Иако коучингот се смета дека е неформално образование за возрасни и претставува еден вид доживотно учење, сепак тоа е мошне важно за лично усовршување, перманентна едукација, професионален развој, водење и планирање на кариерата.

м-р Каролина Мицевска



# Фредерик Хорсман Варли

## Официјален воен уметник којшто ја критикувал Првата светска војна

Фредерик Хорсман Варли е роден во Шефилд, Англија, во 1881 година како син на Луси (Барстоу) и Семјуел Џејмс Смит Варли Седми. Студирал уметност во Шефилд и последователно ја посетувал Академијата за убави уметности во Антверпен (1900 –1902), Белгија, а работел и на пристаништата. Тој емигрирал во Канада во 1912 година, по совет на пријател, којшто бил роден во Шефилд (и иден член на групата „Седум“), Артур Лисмер. Во Канада, поточно во Торонто, Онтарио, Фредерик Хорсман Варли нашол работа во дизајнерската фирма „Грип“. Од јануари 1918 година, Фредерик Хорсман Варли

Фредерик Хорсман Варли бил учесник во Првата светска војна, па така, оттука, Варли го привлекол вниманието на лордот Бивербрук, кој организирал да биде назначен за официјален воен уметник. Варли ги придружувал канадските трупи во стодневната офанзива од Амиен, Франција, до Монс, Белгија. Неговите борбени слики се засноваат на неговите искуства на фронтот

земал учество во Првата светска војна, па така, оттука, Варли го привлекол вниманието на лордот Бивербрук, кој организирал да биде назначен за официјален воен уметник. Варли ги придружувал канадските трупи во стодневната офанзива од Амиен, Франција, до Монс, Белгија. Неговите борбени слики се засноваат на неговите искуства на фронтот. Иако на почетокот тој бил голем ентузијаст да патува во Франција како воен уметник но, кога,



всушност, ја видел реалната слика на фронтот, многу се вознемирили сто тоа кај него оставило трауми. З сликата на фронтот за време на Првата светска војна, тој кажал вака: „Би биле многу поздрави ако ја заборавиме војната, но тоа никогаш нема да можеме. Ние сме засекогаш извалкани со нејзината неуспешност и со нејзината сурова драма“.
Сликата на Варли, „Еден ден луѓето ќе се вратат“, прикажана во Бурлингтон хаус во Лондон и на изложбата за канадски воени споменици, претставуваа големо платно кое прикажува гробишта, опустошени од војната, што сугерира дека дури и мртвите не можат да го избегнат уништувањето. Во сликата на Варли „За што? “ (од 1918 година), претставил еден гробар кој се одмора од трудот, а покрај него има количка полна со тела. Ова е една од ретките официјални канадски слики од Првата светска војна која не ја крие реалноста на смртта на бојното поле во сликите на урнатините, уништените дрвја и борбените остатоци. После војната во 1920 година, тој ја основал групата „Седум“. Тој бил единствениот член на уметничката група „Седум“, којшто бил специјализиран за сликање портрети но, исто така, сликал и пејзажи. Главниот придонес на Варли во уметноста, покрај визуелното сведочење за ужасите на војната, е неговата работа со групата„Седум“ и неговите портрети. После неколку години живеење во Онтарио, Варли се преселил во Ванкувер, во 1926 година, каде што станал раководител на Одделот за цртање и сликарство на Факултетот за декоративни и применети уметности во Ванкувер, на покана на Чарлс Хепберн Скот. На оваа функција работи од 1926 до 1933 година. Во британската колонија Колумбија, изработувал слики на планини и планински падини, црпејќи влијанија од кинеското сликарство. Од британската Колумбија си заминал во 1936 година, поради депресија, а две години подоцна му се придружил на колегата- уметник, Тери М. Шорт, орнитолог од Кралскиот музеј во Онтарио и тие заедно заминале на патување на Арктикот во 1938 година. Во 1954 година, заедно со неколку уметници, вклучувајќи го и Ерик Олдвинкл , го посетил Советскиот Сојуз, на првата културна размена од Студената војна. Во последните дванаесет години од својот живот, Варли живеел во Маркам, Онтарио, заедно со Кетлин и Доналд Мек-Кеј. Кетлин продолжила да ја негува подоцнежна уметничка кариера на Варли, уредувајќи студио во подрумот на нејзиниот дом, кое сега е уметнички центар „Мек- Кеј“, лоциран на „197 Main Street Unionville“. По смртта на Варли на 8 септември 1969 година, Кетлин ќе ја подари својата богата колекција на дела од Варли и од неговите современици во Маркам, со цел да биде сместена во галерија, погодна за нивно прикажување и зачувување. На тој начин, всушност, била изградена уметничката галерија „Варли“, во Маркам, која е отворена во 1997 година.
Фредерик Хорсман Варли бил придружен член на Кралската канадска академија за уметности. Неговото место во историјата на уметноста на Канада е потврдено со одлука на владата, која ќе го репродуцира неговиот автопортрет како поштенска марка со вредност од 17 центи. На 22 мај 1981 година, „Канада пост“ ќе го објави самопортретот на Фредерик Хорсман Варли, дело на Пјер Фонтен, а на 6 мај 1994 година, „Канада пост“, исто така, ќе ја објави и неговата слика „Vera“ (детали), која ја насликал во 1931 година, во серијата под наслов „Ремек-дела на канадската уметност“.

м-р Трајче Чатмов





# „Поглед од небо“ Дроновите наспроти човекот

Филмот „Поглед од небо“ е филм за модерното војување, односно за војната помеѓу дроновите и психолошкиот притисок што го чувствува пилотот кој од некоја кабина управува со дронот. Безличноста на таквото војување и дехуманизацијата, како и поредокот на целиот тој процес на војување во кој пилотот е поставен на последно место, е темата која се проткајува низ целиот филм. Пред да дојде одговорноста во рацете на пилотот, таа треба да помине низ филтрите на политичарите, правниците, воените стратези и планери, па и известувачите на теренот. На почетокот на филмот се запознаваме со разузнавачки податоци кои реферираат дека во куќа во предградието на Најроби во Кенија ќе се состанат високиот офицер на терористичката организација „АИ – Шабаб“, неговата жена, Англичанката Сузан Данфорд ( Кинг), која го има примено исламот и станува голем и значаен фактор за регрутирање на млади, разочарани муслимани од источноафриканско потекло на Западот, односно на двајца од младите регрути, едниот Британец, а другиот Американец. Планот е во даден момент, кога сите ќе се соберат во куќата во предградието на Најроби, специјалците на Кенија да упаднат во куќата и сите да ги заробат. Таа мисија формално ја водат Британците, односно полковничката Кетрин Пауел, ја извршуваат Кенијците, а поддршка им даваат Американците со помош на дрон со кој пилотира полковникот Стив Вотс, заедно со неговата асистентка Кери Гершион. Кенијците на теренот имаат на располагање и свој сет мини-дронови, камуфлирани во птица и бубачка. Идентификацијата се врши во базата на Хаваите и за неа е задолжена Луси Гомез, а сето тоа го надгледува британскиот тим кој го сочинуваат генералот Франк Бенсон, државниот тужител и двајца службеници од владата. Меѓутоа, откако групата на потенцијалните терористи ќе се собере во куќата, тие решаваат да ја сменат локацијата, да одат во друга куќа, која е под контрола на милитантите од „Аи-Шабаб“, па акцијата веќе не е возможна, заради уличните борби и цивилните жртви кои би можеле да се случат. Исто така, информациите и податоците од теренот (сликите од дронот „буба“), со кој управува кенискиот агент , потврдуваат дека осомничените планираат терористички напад, кој ќе се одигра набргу, а времето е сѐ пократко. Се јавува морална дилема која се засилува со тоа што на надворешниот ѕид една локална девојка има поставено штанд на кој продава леб испечен од нејзината мајка и нема намера да се помести додека не го продаде целиот. Тука се јавува дилемата дали да се жртвува една жртва (во случајот девојката), со цел да се изведе терористички напад кој би спасил околу осумдесет животи. После долготрајно разгледување и анализа на случајот и префрлање на одговорностите од еден на друг, решението е по секоја цена да се тргне девојката, иако тоа е полесно да се каже отколку да се направи. Меѓутоа, тука не станува збор само



за високи етички дилеми. Не треба да се заборават ни некои други фактори. Американските политичари можеби веќе се имаат навикнато на своето јавно мнение на колатерални жртви во својата борба против теророт, но за разлика од нив, Британците се почувствителни на такви работи.
Смртта на девојката би поттикнала голем скандал и ќе ги постави во непријатна позиција политичките елити. За пропагандата изгледа подобро кога терористите ќе убијат сто луѓе, отколку кога американски дрон ќе убие една девојка. Особено тензична е позицијата во која се наоѓа полковничката Пауел, која веќе неколку години посветено ја лови Сузан Данфорд, а сега, таа е најблиску до неа од кога било порано, па не сака да ја испушти оваа прилика. Многу е важно да се потенцира дека тие можеби се наоѓаат далеку од местото на случувањата, удобно заштитени но, сепак, тие мора да донесат многу тешка одлука и тоа многу брзо.
Моралната комплексност, како и комплексноста на процедурата низ која минуваат ликовите со своите позиции, секако е најсилниот адут на филмот, но не и единствен. „Поглед од небо“ е филм кој за буџетот што го има одвоено одлично изгледа и за своето траење од околу сто минути постигнал голем ефект. Причината за тоа е, пред сè, во интелигентното и детаљно сценарио на Гај Хиберт, со рапидни и силни дијалози на ликовите. Хиберт се труди да понуди што повеќе аспекти, за тие да не звучат како евтини пароли. Втора работа која го



издвојува овој филм, а која ја осмислил Хиберт, а ја реализирал режисерот Гевин Худ, е тоа да се направи воен филм без големи сцени на битки, што е потполно во духот на модерното војување. Актерите во филмот одлично си ја имаат завршено својата работа, особено глумицата Хелен Мулер, која самоуверено му се посветува на ликот на полковничката којашто ја глуми, а на филмот му ја дава потребната тежина. Гејвин Худ, секако е режисер со применет талент и склон кон комплексни приказни и ситуации. Добитник е на Оскарот за странски филм со филмот „Цоци“ ( 2005 г.), но ваков успех немал повторно и со филмот „Рендитион“ (2007 г.). „Поглед од небо“ можеби претставува повторно враќање во првата филмска лига на режисерот, го поставува повторно онаму каде што припаѓа и вистинско чудо е тоа што еден ваков амбициозен, интелигентен и повеќеслоен филм го гледаме надвор од сезоната на награди, но чудна е дистрибутерската логика. Сепак, тоа што го спречува филмот „Поглед од небо“ да биде еден од филмовите на годината е преголемата амбициозност со намалена суптилност во реализацијата на самиот крај. И покрај овие забелешки, со оглед на тоа дека филмот не е наградуван, сепак станува збор за квалитетен филм кој вреди да се изгледа.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Гевин Худ

**Улоги:** Хелен Минер,Карл Бјукес, Јан Глен, Џереми Нортам,Фиби Фокс, Меган Јанг

**Жанр:** воена драма

**Сценарио:** Гај Хиберт

**Продуцент:** Дејвид Ланкастер,Колин Фирт

**Дистрибутер:** Bleecker Street Media

**Музика:** Марк Килиан

**Монтажа:** Меган Гил

**Година:** 2016

**Јазик:** Англиски

**Земја:** Велика Британија

**Времетраење:** 100 минути

**Буџет:** 18,7 милиони долари



# Чистата и недопрена во Кичевско-охр

На околу 27 километри од Кичево, кога се оди кон Охрид, десно, во источните падини на Славеј Планина, се наоѓа населеното место Годивје во општина Дебарца.
До Годивје се стигнува многу лесно и едноставно, има афалтиран пат, а граничи со селото Врбјани. Одделни места на Годивје носат различни имиња, како Горни и Долни Локви, Бел Камен, Војово, Присој, Корија, Рајчиница, Кобилица и други.
Годивје е старо село. Подрачјето во овој дел било населено уште од доба на неолитот, за што сведочи наоѓалиштето Черенец, источно од селото. Според историските податоци, за првпат Годивје се спомнува во 16 век, кога селото припаѓало на Охридскиот санџак. Еден период селото пропаднало, но повторно било обновено од родовите заедници кои живееле во околината.
Во ова населено место со чиста и убава природа, освен што има куќи во кои живеат мештаните, има и повеќе убави нови објекти во кои поранешните жители на Годивје доаѓаат за време на викенд.
Претставува вистинско уживање да се шета низ убавата шума над селото, низ позлатената папрат, да се посети изворот на вода Дралеска чешма, како и неколкуте археолошки наоѓалишта.
Убаво е да се видат и неколкуте цркви, како „Свети Никола“, „Свети Вартоломеј“, која била обновена во 2020 година, потоа „Свети Ѓорѓи“, прогласена за културно наследство на Македонија, како и црквата „Свети Спас“, која е навистина убаво уредена, со трпезарија и каде што на празникот Спасовден се собираат сите оние кои потекнуваат од овој крај и се дружат. Мештаните раскажуваат дека тука, во овој дел на Македонија, се одбележуваат неколку празници како што се Водици, веќе споменатиот Спасовден, а се организира и манифестацијата „Ѓомлезијада“.
Годивје, како и поголемиот дел од општината Дебрца, има што да понуди. Освен чистиот воздух, овде природата подарила многу нешта: природни овошки, но има и предели за одгледување на аронија. Може да се забележат повеќе плантажи со аронија, која ја береа токму во моментот на нашата посета. Пределот, исто така, е добар и за планинарење. Преку планината може да се стигне на другата страна на Македонија, во Лазарополе.
Појдете, барем и на еден ден, и уживајте во убавините на Годивје.

Каролина Мицевска
Зоран Василески



# природа на Годивје
# идскиот регион








